Средно медицинско училиште на Град Скопје „Д-р Панче Караѓозов“



Годишен извештај за работата на Училиштето во учебната 2025/2026

Скопје, август 2026 година

Содржина

1. Лична карта на училиштето 2
2. Вовед 3
2.1. Равојни етапи и карактеристики 3
2.2. Препознатливост во наставната, во проектната и поширокатастручна дејност 4
3. Организација на работата на училиштето 6
3.1. Материјално-техничка подготовка 6
3.2. Организација на наставниот процес.....8
3.3. Реализација на Годишната програма за работа 10
3.4. Извештај за успехот и редовноста на учениците 11
3.5. Извештај за државна матура и завршен испит 17
3.6. Летопис 18
4. Реализација на наставата 20
4.1. Редовна настава по сите предмети (теоретска и практична) 20
4.2. Информатичко-комуникациска технологија во наставата 20
4.3. Дополнителната и додатната настава 21
4.4. Изборна настава 21
5. Воннаставни активности реализирани во учебната година 23
6. Работа на управните и стручните органи и тела 64
6.1. Училиштен одбор 64
6.2. Совет на родители 64
6.3. Наставнички совет на училиштето 65
6.4. Менаџерски тим на училиштето 65
6.5. Ученичка Училишна заедница 66
6.6. Стручни активи 67
6.7. Обуки за наставниот кадар 67
6.8. Извештај на стручна служба 68
6.9. Извештаи на стручните активи 76
7. Екскурзии 99
8. Соработка со родители 99
9. Извори на финансирање 100
10. Соработка со медиуми 100

1. Лична карта

1.1.Општи податоци за училиштето

СРЕДНО МЕДИЦИНСКО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ
„Д-Р ПАНЧЕ КАРАЃОЗОВ“

Scientia est potentia
Valetudo bonum optimum

Знаењето е моќ
Здравјето е најголемо богатство


Адреса: ул. „50 Дивизија 2а“
Телефон : 3-120-187
E-mail: info@med.edu.mk

Ивица Весов
/Директор /

2. Вовед

2.1 Развојни етапи и карактеристики

Средното медицинско училиште на Град Скопје одбележува постоење повеќе од седум децении. Поминувајќи низ повеќе фази и етапи, училиштето е едно од најреномираните во Република Македонија.



СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ е модерно училиште со современи наставни планови и програми во кое наставата се одвива на два наставни јазика: македонски и албански. Училиштето врши четиригодишна стручна едукација на кадри од областа на здравството преку оспособување за следните образовни профили од четиригодишно стручно образование: медицинска сестра, забен техничар, фармацевтски лабораториски техничар, медицински лабораториски техничар, физиотерапевтски техничар, гинеколошко-акушерска сестра.

Во непосредна близина на Училиштето работи и Ученичкиот дом за сместување на учениците од внатрешноста на Републиката коишто се школуваат во нашето училиште.

Местоположбата на училиштето, во центарот на градот, во непосредна близина на повеќе здравствени институции, е од големо значење за успешно и квалитетно одвивање на практичната настава и на феријалната практика и соработка.



2.2. Препознатливост во наставната, во проектната и поширокаата стручна дејност

Стекнатото искуство низ многу години успешна работа на училиштето, претставува основа за градење на далекусежна визија за продуцирање на квалитетни и перспективни кадри.

Во перспектива, со севкупниот потенцијал кој го поседува, нашето училиште се заложува за проширување на понудата на едукативни модули за стручна подготовка за кадри од здравствена струка.

Во збогатувањето на содржините и активностите на Училиштето, посебно место има соработката со Секторот за јавни дејности и Секторот за образование на Град Скопје. Особено е значајна традиционалната соработка со здруженија на медицински сестри, забни техничари кои активно ги вклучуваат како нашиот кадар, така и учениците во своите секции, конференции, Годишни собранија и Конгреси.

Училиштето по низата награди и признанија, два пати е добитник на престижната 13 Ноемвриска награда на Град Скопје, со што ја потврдува заложбата за постигнување високи резултати во воспитно-образовна дејност.



В и з и ј а

Ако „Знаењето е моќ, а здравјето најголемо богатство“, нашето Училиште се стреми кон реализирање на најсовремените стандарди за едукација на учениците и нивен развој во компетентни личности, подготвени да се соочат со предизвиците на современата технологија, барањата на пазарот на трудот, како и јакнење на граѓанската партиципација во духот на мултиетничката интеграција

М и с и ј а

СМУ на Град Скопје „Д- р Панче Караѓозов" врши четиригодишна средно стручна едукација на кадри од областа на здравството, преку оспособување за стекнување на знаења од општообразовни и стручни наставни предмети, како и примена на стекнатите практични умеења и вештини во професионалната работа и натамошното образование. Како училиштето во кое се негува мултиетничкото почитување, им овозможува на учениците оптимален индивидуален развој, почитување на граѓанските права и обврски, толерантност и меѓусебно разбирање.



Водејќи се по максимата „Знаењето е моќ, а здравјето најголемо богатство“, нашето Училиште се стреми кон реализирање на најсовремените стандарди за едукација на учениците и нивен развој во компетентни личности, подготвени да се соочат со предизвиците на новото време и барањата на пазарот на трудот. Тоа и понатаму ќе биде активен субјект во текот на наставниот процес и место каде што ученикот сака да дојде, а не место каде што мора да биде.

3. Организација на работата на училиштето



3.1. Материјално- техничка подготовка

Од презентираната состојба се согледува дека се преземени низа мерки и активности за обезбедување на услови за одвивање на наставата, согласно со тенденциите за осовременување на образовната технологија. Во рамките на финансиски средства обезбедени од Буџетот на Град Скопје, како и средствата стекнати по основ на сопствени приходи на училиштето, спроведени се постапки за набавка на стоки, услуги и работи во функција на подобрување на материјално-техничките услови за работа и учење. За просторна подготовка од големо значење е целосното реновирање на училишниот простор, како и извршените интервенции во насока на пообрување на условите за работа

Училиштето поседува наставните средства кои глобално можат да се поделат во три групи: модели, апарати и лабораториски прибор (стаклен, пластичен, метален и керамички). Моделите се во релативно добра состојба, но ги нема во доволен број имајќи го предвид бројот на ученици, па во текот на учебната година се направени набавки на повеќе нови нагледни средства. Апаратите се професионални и многу скапи (не постојат симулатори кои би можеле да се користат за демонстрација во наставниот процес). Заради малиот број апарати по ученик (не одговара на нормативот) тие се преоптоварени и брзо се амортизираат, но со соодветно наменување на материлајни средства и соработка навремено се надоместуваат. Лабораторискиот прибор го има во релативно доволен број, но тој пак е најподложен на трајно оштетување (посебно стаклениот). Кадарот прави вонредни напори за квалитетно изведување на наставата со постоечките наставни средства. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства кои ќе одговараат на современите наставни текови и прави напори да обезбеди наставни средства и од други

извори. Учењето и наставата се збогатени преку планирано користење на ИКТ. Најголемиот дел од училниците се опремени со смарт табли и LCD проектори. За потребите на наставниот кадар во наставничката канцеларија на располагање се неколку компјутери. Исто така, училиштето доби 46 лаптоп компјутери и 36 прочистувачи на воздух како донација од Град Скопје. Во канцаларијата на Директорот има видео дисплеј за конференциски врски.

Исто така, обезбедени се нови материјално-технички и наставни средства за сите отсеци.

- **Опремени училници со LCD проектори и интерактивни табли**

Со цел подобрување на квалитетот на образовниот процес и создавање на подобри услови за развој на наставата, одлучивме да ги опремиме училниците со LCD проектори и интерактивни табли. Овие уреди ќе ја олеснат наставата овозможувајќи интерактивни презентации, пристап до визуелни и дигитални материјали, како и поголема ангажираност на учениците во процесот на учење. Инвестирањето во оваа технологија ќе помогне во создавање на поодговорна наставна средина, правејќи го образовниот процес полесен, попривлечен и поефикасен.

- **Училишна библиотека**

Училишната библиотека располага со сите лектирни наслови, но бројот на примероци не кореспондира со бројот на ученици. Исто така, во библиотеката се присутни одреден број наслови од светската класика, како и македонски и албански наслови кои не влегуваат во насловите предвидени за лектира. Во надлежност на библиотеката е и грижата за бесплатните учебници што ги доделува МОН. Училишната библиотека располага со 23750 книжен фонд, од кои книги по жанрови се 13320, 3250 се наслови од стручна литература и 7180 се учебници.



3.2. Организација на наставниот процес

Наставата во учебната 2025/26 година започна на 01.09.2025 година, согласно Календарот за оваа учебна година. Наствавниот процес се реализираше континуирано според Програмата за организација на работата на Училиштето.

Зимскиот распуст започна на 31.12.2024 година и траеше до 19.01.2025 година, второто полугодие започна на 02.01.2025 година.

Учебната година за учениците од четврта година заврши на 16 мај, а за учениците од другите години на 10 јуни.

Планирањето на наставата се реализира преку годишен глобален план и писмена подготовка за обработка на секоја наставна тема, како и писмена подготовка за секоја наставна единица, односно, според реформираната модуларна програма, модуларните и планирањата за час се изготвени според новиот образец од Насоките за планирање на воспитно-образовната работа по стручните предмети во стручните училишта, од Центарот за стручно образование и обука, а по општообразовните согласно Бирото за развој на образованието.

Дополнителната и додатната настава е вградена во планирањата на наставниците и се реализира според планирањата, за што има евиденција во електорнските дневници за работа на паралелките.

Додатната настава се реализира со ученици кои покажуваат особен интерес кон одредена област или се подготвуваат за учество на манифестации со кои се афирмира Училиштето. И за овој вид настава се води евиденицција во електронскиот Дневник на паралелката.

За реализација на Државна матура и Завршен испит во учебната 2024/25 година Училишната матурска комисија изврши подготовки за пријавување на испитите и полагање на проектните задачи. Изборниот дел од матурскиот испит се реализира врз основа на пакети од стручни предмети. Од оваа учебна година има измени во предметите кои се однесуваат на државна матура за стручните училиша, па соодвентно се реализираа екстерни испити од државната матура, државната стручна матура (за учениците кои ќе се запишат на сродни факултети) и училишната стручна матура (за учениците кои нема да го продолжат образованието).

Сите информации се објавени на сајтот на Државниот испитен центар www.maura.gov.mk .

Почнувајќи од учебната 2021-2022, за првпат во државата во средното медицинско училиште се реализира дуално образование, со наставна програма за ново занимање – фармацевтски техничар во фармацевтска индустрија. На иницијатива на средното медицинско училиште „Д-р Панче Караѓозов“ и на Алкалоид АД изготвена е наставна програма која е верификувана и одобрена од МОН, адаптирана на потребите на секторот на фармацевтската индустрија. Оваа наставна програма е специјално креирана за ученици од трета и четврта година од секторот здравство и здравствена заштита во средното стручно

образование. По големиот интерес на пријавени ученици, дел беа селектирани за да отпочнат со следење на наставата во новоформираната парцијално-дуална паралелка. Наставата се одвива во просториите на училиштето и во компанијата Алкалоид АД од страна на стручни наставници и сертифицирани ментори. Учениците во практичниот дел од наставата се директно вклучени во работниот процес на компанијата со што ќе се стекнат со потребните знаења и вештини што ги прави конкурентни на пазарот на трудот со можност за вработување веднаш по завршувањето на средното образование. Компанијата обезбеди заштитна опрема, систематски прегледи, топол оброк и месечни стипендии од 3.000 денари за секој од овие ученици во текот на нивното школување.


Целта на оваа програма е целисходно оспособување на младите кадри за потреби на компаниите и зголемување на вредноста на стручното образование.

Кадровските потенцијали кои го реализираат воспитно-образовниот процес и програмски планираната дејност во нашето училиште, ги сочинуваат: директор, помошници директори, претседатели на стручни активи, психолози, педагог, библиотекар, наставници по општообразовни предмети, наставници по стручните предмети - лекари и стоматолози - специјалисти од различни области, фармацевти, стручни наставници, дипломирани медицински сестри, библиотекар и лаборанти.

3.3. Реализација на Годишната програма за работа

Анализирајќи ја работата на Средното медицинско училиште на Град Скопје „Д-р Панче Караѓозов” во учебната 2025/2026 година, може да констатираме дека начелата зацртани со Годишната програма за работа се целосно реализирани.

Годишната програма за воспитно-образовна работа на СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ - Скопје е изготвена врз основа на анализата на состојбата во остварувањето на воспитно-образовната дејност, како и програмските обврски содржани во наставните планови и програми за средно образование.



При подготвувањето на Програмата земени се предвид предлозите, мислењата и заклучоците што се усвоени од стручните органи за воспитно-образовната работа на Училиштето, а особено при утврдувањето на конкретните обврски и задачи преку неколку суштински определби:

- целокупната воспитно-образовна дејност на Училиштето да се сфати во функција за подобрување на успехот по сите наставни предмети;

- да се постигне висок степен на педагошко следење, раководење и насочување на сите подрачја од воспитно-образовната дејност, како и поконкретно педагошко ангажирање на целокупниот восптно-образовен кадар во Училиштето;

- особено внимание да се посвети на воннаставните активности преку кои се нагласија приоритетите за: менталното здравје на младите, мултиетничка интеграција во образованието, еколошката акција на младите, вештини за вработување, намалување на насилството и унапредување на безбедноста во училиштата, отсуство на дискриминација, меѓународна соработка, хуманитарни акции, акции за крводарителство.

Во текот на учебната 2025-2026 година се организираа трибини, работилници и други воннаставни активности на кои учествуваат ученици од различна јазична, национална и верска припадност, со што акцентот се става на развивањето на толеранцијата, почитување на сопствената и културата и традицијата на другите и соживотот.



Учениците од четврта година беа вакцинирани според календарот за здравствено работење на ЈЗО, во присуство на класните раководители. Овие активности се секоја учебна година се спроведуваат во Здравствен дом на Скопје-поликлиника Бит пазар.

3.4. Извештај за успехот и редовноста на учениците

Следењето и вреднувањето на постигањата на учениците се остварува според Правилникот за начинот на следење, проверување и оценување, полагање на испити и напредување на учениците во средното образование („Сл.весник на РМ“ бр.39/02).

Според Одредбите на Правилникот знаењата и вештините на учениците по одделни предмети се оценуваат во согласност со целите и задачите утврдени со наставната програма. Современата концепција суштината на оценувањето ја согледува во контекст на евалуацијата на целокупниот воспитно-образовен процес: нивото на усвоени содржини, нивото на стекнати вештини и примена на знаења, нивото на развиеност на мисловните процеси и формирањето на општи ставови.

Со оглед на фактот дека нашето училиште е стручно, застапени се и предмети со практична настава, следењето се врши и преку практично проверување низ одредени вештини преку изведба на конкретни манипулации од учениците, беше реализирана со повеќе форми на демонстација, како и преку видео материјали и платформи за споделување материјали.

На Советите на паралелки по класификациони периоди редовно се врши разгледување и анализирање на успехот, редовноста и поведението на учениците, се собираат податоци за следење на континуираноста на оценувањето, дидактичката разновидност на формите, методите и средствата за оценување и степенот на разработеноста на критериумите за оценување и се предлагаат мерки за развој и унапредување на наставниот процес во функција на подобрување на успехот.

Во рамки на состаноците на стручните активи се дискутира во врска со споделени добри практики за реализација на наставата, особено со имплементација на новите реформирани програми.

Во однос на постигнатиот успех во учебната 2025/2026 година СМУГС ,,Д-р Панче Караѓозов“ - Скопје го посетуваа вкупно 2419 ученици: во прва година 610, втора 592, трета 615 ученика и четврта година 602 ученика. Од нив на македонски наставен јазик четиригодишно образование се 1464 ученика во 49 паралелки, а на албански наставен јазик четиригодишно образование се 955 ученика во 28 паралелки.

Година	**Број на паралелки**		
Наставен јазик	мак	алб	вкупно
Прва	12	7	19
Втора	13	7	20
Трета	12	7	19
Четврта	12	7	19
Вкупно	**49**	**28**	**77**

На крајот на второто полугодие постигнати се следните резултати: со позитивен успех се 2305 (97%), мало намалување во споредба со минатата година 2345 (97%); од кои со одличен успех се 1277 (53%), а минатата година беа 1226 (51%); со мн.добар успех се 670 (28%), минатата година 696 (29%), со добар успех 338 (14%), минатата година 400 (17%) и со доволен 20 (1%), минатата година 23 (1 %) ученика.

Средниот успех на ниво на училиште изнесува 4,22, што е мало намалување во споредба со минатите учебни години (4,18, 4,2; 4,45).

Паралелки со

највисок среден успех

2025/2026	Вк	ж	сред усп
IV 6 мс	**35**	**26**	**4.78**
IV 2 зт	**26**	**16**	**4.75**
IV 8 мс	**33**	**25**	**4.74**
I 1 зт	**34**	**23**	**4.7**
IV 2 фт	**27**	**23**	**4.67**
I 6 мс	**35**	**28**	**4.66**
II 6 мс	**35**	**27**	**4.66**
I 1 фт	**32**	**24**	**4.64**
III 6 мс	**33**	**26**	**4.64**
II 4 мс	**30**	**24**	**4.61**
I 8 мс	**34**	**25**	**4.6**
III 2 зт	**30**	**20**	**4.6**

најнизок среден успех

2025/2026	Вк	ж	сред усп
II 2 фзт	**34**	**19**	**3.53**
II 5 мс	**27**	**24**	**3.6**
IV 2 фзт	**35**	**18**	**3.6**
II 1 фзт	**33**	**17**	**3.66**
II 2 млт	**27**	**21**	**3.69**
II 1 гак	**10**	**10**	**3.69**
II 2 фт	**23**	**19**	**3.8**
II 1 зт	**34**	**25**	**3.81**
II 1 мс	**26**	**22**	**3.82**
I 3 мс	**30**	**28**	**3.83**
I 3 фт	**35**	**29**	**3.83**
II 1 млт	**24**	**18**	**3.83**

Најдобар успех е постигнат во четврта година 4,32, каде со позитивен успех се 99% од учениците. Во прва година средниот успех изнесува 4,29 (минатата беше исто така 4,22); во втора 4,06 (минатата беше 4,04) и во трета е 4,16 (минатата беше исто 4,16). Бројот на ученици со позитивен успех во прва година е 581 (95%), во споредба со минатата година е намалување, кога беше 581 (98%), во втора 539 (91%), а минатата година беше 588 (95%), во трета 589 (96%), минатата година кога беше 579 (96%). Одличен успех оваа учебна година има најмногу во прва година (57%) и четврта година (59%), а во трета година се 50%, и во втора година се 45% ученици со одличен успех.

Бројот на ученици упатени на полагање испит на година или поправни испити е 118, за разлика од минатата година кога беа 69 ученици, додека еден ученик ја повторува годината со повеќе слаби оцени

Во однос на редовноста на учениците, може да се нагласи дека оваа учебна година има 54,16 во пресек регистрирани изостаноци, што е зголемување од минатата година кога беа 54,16. Најголем број на изостаноци се регистрирани во четврта година (66,3 во просек), а најмалку во прва година (43 во просек), во втора година се 50.8 во просек, а во трета 56,4 во просек. На ниво на училиште просечната вредност е 51,98 оправдани, а 2,18 неоправдани изостаноци, а минатата година таа вредност беше 51,98 оправдани изостаноци во просек и неоправдани 2,18 . Прегледот за изостаноци е следниот:

	број на изостаноци	просек
Оправдани	82373 (мин 125729)	34,05 (мин 51,98)
Неправдани	3114 (мин 5277)	1,29 (мин 2,18)
Вкупно	85487 (мин 131006)	35,34 (мин 54,16)





Од постигнатиот успех раководните органи, стручните активи и советите на паралеките се задоволни, иако се смета дека сите заедно мора да настојуваме за поголема објективност во оценувањето, постигнување на квалитетни и трајни знаења, кои секако би се потврдиле во идниот педиод. Тенденција секако преставува стимулирање на редовно и континуирано ангажирање во текот на целата учебна година, со напомена дека треба и натаму да се работи интензивно на подобрувањето на редовноста на учениците.

Во насока на подобрување на воспитно-образовната работа интензивирана е соработката со родителите и старателите на учениците, одржани се предвидените родителски средби.

Стручната служба при СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ согласно измените и дополнувањата на Законот за средно образование, по првото тромесечие и на почетокот на второто полугодие, реализираше групни советувања на родители по основ на намален успех во учењето со 3 и повеќе слаби оценки и повеќе од 10 неоправдани изостаноци. Според планот беа формирани групи на родители и тоа на мултиетничка основа со што ефектот од советувањето беше подобрен уште повеќе од аспект на тоа што родителите меѓусебе се запознаваа, ги споделуваа потешкотиите и проблемите, а воедно разменуваа идеи и сугестии како да им се помогне на нивните деца. И во овој период на советување на родителите, ваквиот начин на работење со истите се покажа како позитивно искуство, кое резултираше со подобрување на успехот и поведението на учениците во целина и основа за воспоставување потесна соработка со родителите.

	Средно медицинско училиште на Град Скопје „Д-р Панче Караѓозов“																																
	Извештај за ВТОРО полугодие учебна 2025-26 година																																
	Мед сес I	**Заб тех I**	**Фар тех I**	**Мед лаб I**	**Физ тер I**	**ГАК**	**I**	**%**	**Мед сес II**	**Заб тех II**	**Фар тех II**	**Мед лаб II**	**Физ тер II**	**ГАК**	**II**	**%**	**Мед сес III**	**Заб тех III**	**Фар тех III**	**Мед лаб III**	**Физ тер III**	**ГАК**	**III**	**%**	**Мед сес IV**	**Заб тех IV**	**Фар тех IV**	**Мед лаб IV**	**Физ тер IV**	**ГАК IV**	**IV**	**%**	**ВК Училиш**	
Бр на ученици	**260**	**102**	**91**	**54**	**68**	**35**	**610**		**249**	**98**	**84**	**51**	**67**	**43**	**592**		**264**	**94**	**99**	**60**	**64**	**34**	**615**		**265**	**88**	**87**	**59**	**68**	**35**	**602**		**2419**	
Ученици	**215**	**63**	**76**	**41**	**40**	**34**	**469**		**199**	**74**	**73**	**39**	**36**	**43**	**464**		**211**	**58**	**81**	**45**	**34**	**31**	**460**		**219**	**53**	**72**	**32**	**32**	**33**	**441**		**1834**	
одлични	154	77	54	23	27	11	**346**	57%	146	41	44	13	12	12	**268**	45%	137	53	48	23	28	16	**305**	50%	**169**	**46**	**60**	**35**	**29**	**19**	**358**	59%	**1277**	**53%**
мн доб	78	21	23	22	22	21	**187**	31%	54	35	25	20	22	14	**170**	29%	62	23	29	19	23	14	**170**	28%	**50**	**30**	**15**	**15**	**20**	**12**	**142**	24%	**669**	**28%**
добро	12	4	9	4	15	3	**47**	8%	21	12	14	8	23	17	**95**	16%	49	15	20	14	9	4	**111**	18%	**38**	**12**	**10**	**7**	**15**	**3**	**85**	14%	**338**	**14%**
доволни	0	0	0	0	1	0	**1**	0%	0	0	1	0	5	0	**6**	1%	1	0	1	0	1	0	**3**	0%	**4**	**0**	**0**	**0**	**4**	**1**	**9**	1%	**19**	**1%**
ВК поз усп	**244**	**102**	**86**	**49**	**65**	**35**	**581**	**95%**	**221**	**88**	**84**	**41**	**62**	**43**	**539**	**91%**	**249**	**91**	**98**	**56**	**61**	**34**	**589**	**96%**	**261**	**88**	**85**	**57**	**68**	**35**	**594**	**99%**	**2303**	**95%**
со 1сл	8	0	4	3	1	0	**16**	3%	22	4	0	6	4	0	**36**	6%	12	3	0	4	1	0	**20**	3%	1	0	0	1	0	0	**2**	0%	**74**	**3%**
со 2 сл	7	0	1	2	2	0	**12**	2%	6	6	0	4	0	0	**16**	3%	2	0	0	0	2	0	**4**	1%	1	0	0	0	0	0	**1**	0%	**33**	**1%**
Повт.	0	0	0	0	0	0	**0**	0%	0	0	0	0	0	0	**0**	0%	0	0	1	0	0	0	**1**	0%	0	0	0	0	0	0	**0**	0%	**1**	**0%**
Вк уч со слаби	**15**	**0**	**5**	**5**	**3**	**0**	**28**	**5%**	**28**	**10**	**0**	**10**	**4**	**0**	**52**	**9%**	**14**	**3**	**1**	**4**	**3**	**0**	**25**	**4%**	**2**	**0**	**0**	**1**	**0**	**0**	**3**	**0%**	**108**	**4%**
неоц.	1	0	0	0	0	0	**1**	0%	0	0	0	1	1	0	**2**	0%	1	0	0	0	0	0	**1**	0%	3	0	2	1	0	0	**6**	1%	**10**	**0%**
СРЕДЕН УСПЕХ	**4.306**	**4.61**	**4.18**	**4.18**	**4.12**	**4.15**	**4.22**		**4.254**	**4.05**	**4.22**	**3.76**	**3.6**	**3.79**	**4.04**		**4.166**	**4.31**	**4.14**	**3.96**	**4.1**	**4.26**	**4.16**		**4.348**	**4.52**	**4.53**	**4.34**	**4**	**4.34**	**4.34**		**4.19**	
опр. из	5483	2358	2531	2036	2994	702	**16104**	**26.4**	8165	3431	1817	2061	3044	1173	**19691**	**33.3**	11655	3005	2815	4465	2076	511	**24527**	**39.9**	12195	1586	2373	2545	2648	704	**22051**	**36.6**	**82373**	**34.05**
неоп из	231	61	60	36	132	102	**622**	**1.02**	237	280	90	83	64	87	**841**	**1.42**	303	109	23	53	129	0	**617**	**1**	428	48	83	158	265	52	**1034**	**1.72**	**3114**	**1.29**
ВК из	**5714**	**2419**	**2591**	**2072**	**3126**	**804**	**16726**	**27.42**	**8402**	**3711**	**1907**	**2144**	**3108**	**1260**	**20532**	**34.7**	**11958**	**3114**	**2838**	**4518**	**2205**	**511**	**25144**	**40.9**	**12623**	**1634**	**2456**	**2703**	**2913**	**756**	**23085**	**38.3**	**85487**	**35.34**
пример	258	102	91	53	68	35	**607**	**100%**	248	88	84	51	66	43	**580**	**98%**	261	94	99	60	62	34	**610**	**99%**	257	88	85	58	68	35	**591**	**98%**	**2388**	**99%**
добро	2	0	0	1	0	0	**3**	**0%**	1	10	0	0	1	0	**12**	**2%**	3	0	0	0	2	0	**5**	**1%**	7	0	1	0	0	0	**8**	**1%**	**28**	**1%**
незадов	0	0	0	0	0	0	**0**	**0%**	0	0	0	0	0	0	**0**	**0%**	0	0	0	0	0	0	**0**	**0%**	1	0	1	1	0	0	**3**	**0%**	**3**	**0%**

Со графикон, податоците за општиот успех по години се прикажи низ следниот преглед:





Избор на ученик на генерација

Комисијата констатираше дека се пристигнати 4 пријави од страна на ученици - кандидати за првенец на генерација и детално ги разгледа сите поднесени документи од страна на кандидатите. Согласно однапред утврдените критериуми кои се во прилог на овој Записник, како и приложените документи од страна на учениците, Комисијата го изготви следното рангирање:

1. Дајана Стојановска – 105,5 бодови
2. Оле Мишевска – 67 бодови
3. Ерза Рустеми – 53,5 бодови
4. Еди Ќерими – 48 бодови

Оттука, согласно добиените бодови, за првенец на генерација во СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ за учебната 2025/2026 година се прогласува Дајана Стојановска, IV-2 мс, како кандидат со најголем број бодови од пријавените.

3.5. Извештај за државна матура, завршен испит

Согласно Календарот на Министерството за образование и наука и динамиката на Државниот испитен центар, на 6, 11 и 12 јуни, 2026 г. се реализираа екстерните испити од државната матура, државната стручна матура, училишната стручна матура и завршниот испит во јунскиот испитен рок во учебната 2025/26 година.

Резултатите од екстерните испити од државната матура, државната стручна матура и задолжителниот дел од училишната стручна матура се прикажани во табелата подолу:

предмет	пријавиле	полагале	Не положиле	Не се јавиле
Македонски јазик и лит.	**371:** ➢ 303 *(см)* ➢ 63 *(дм)* ➢ 5 *(усм)*	**365:** ➢ *300 (см)* ➢ 62 *(дм)* ➢ 3 *(усм)*	**5 (м):** 4 *(см)* 1 *(дм)*	**6 (м):** 3 *(см)* 1 *(дм)* 2 *(усм)*
Албански јазик и лит.	**249:** ➢ 229 *(см)* ➢ 13 *(дм)* ➢ 7 *(усм)*	**246:** ➢ 227 *(см)* ➢ 12 *(дм)* ➢ 7 *(усм)*	**19 (а):** 19 *(см)*	**3 (а):** 1 *(дм)* 2 *(см)*
Англиски јазик	**367 (м):** ➢ 305 *(см)* ➢ 62 *(дм)* **243 (а):** ➢ 230 *(см)* ➢ 13 *(дм)*	**364 (м):** ➢ 302 *(см)* ➢ 62 *(дм)* **241 (а):** ➢ 230 *(см)* ➢ 11 *(дм)*	**11 (м):** 4 *(см)* 7 *(дм)* **6 (а):** 6 *(см)*	**3 (м):** 3 *(см)* **2 (а):** 2 *(дм)*
Математика	2 (м): *1(см) + 1(дм)*	2 (м)	1 (м, *дм*)	/

**Објаснување на кратенките: (см) – државна стручна матура; (дм) – државна матура; (усм) – училишна стручна матура; (м) – македонски наставен јазик; (а) – албански наставен јазик*

Согласно Календарот на Министерството за образование и наука и динамиката на Државниот испитен центар, во периодот од 17 до 26 јуни, 2026 г. се реализираа интерните испити од државната матура, државната стручна матура, училишната стручна матура, како и завршниот испит.

Резултатите од интерните испити од државната матура, државната стручна матура, училишната стручна матура, како и завршниот испит се прикажани во табелата подолу:

Предмет /пакет	пријавиле	полагале	одличен	многу добар	добар	доволен	Не положи	Не се јавиле
Биологија	**299 (м):** ➢ 241 *(см)* ➢ 58 *(дм)* **243 (а):** ➢ 230 *(см)* ➢ 13 *(дм)*	**296 (м):** ➢ 238 *(см)* ➢ 58 *(дм)* **241 (а):** ➢ 230 *(см)* ➢ 11 *(дм)*	**283 (м):** ➢ 228 *(см)* ➢ 55 *(дм)* **(а):** ➢ *(см)* ➢ *(дм)*	**11 (м):** ➢ 9 *(см)* ➢ 2 *(дм)* **(а):** ➢ *(см)* ➢ *(дм)*	**2 (м):** *1(см) + 1(дм)*	/	/	**3 (м):** 2 *(см)* 1 *(дм)* **(а):** 2 *(дм)*
Хемија	**95 (м):** ➢ 59 *(см)* ➢ 36 *(дм)* **63 (а):** ➢ 50 *(см)* ➢ 13 *(дм)*	**94 (м):** ➢ 59 *(см)* ➢ 35 *(дм)* **61 (а):** ➢ 50 *(см)* ➢ 11 *(дм)*	**89 (м):** ➢ 55 *(см)* ➢ 34 *(дм)* **(а):** ➢ *(см)* ➢ *(дм)*	**5 (м):** ➢ 4 *(см)* ➢ 1 *(дм)* **(а):** ➢ *(см)* ➢ *(дм)*	**3 (м)** /	/	/	**1 (м):** 1 *(дм)*
Математика	3 (м): 1+2 *(см)*	2 (м): 1*(см) + 1(дм)*	/	/	/	/	/	**1 (м):** 1 *(см)*
Историја	**32 (м):** 3 *(см)* + 29 *(дм)*	**32 (м):** 3 *(см)* + 29 *(дм)*	**22 (м):** 3 *(см)* + 19 *(дм)*	9 (м)	1 (м)	/	/	/
Англиски јазик	1 (м, *дм*)	1 (м)	1 (м)	/	/	/	/	/
Осн. на здр. нега и хир. бол.	**149 (м):** 147+2 *(усм)*	146 (м)	146 (м)	/	/	/	/	**2 (м):** 2 *(усм)*
Интер., невро. и пед. со нега	3 (м) 103 (а)	3 (м) 103 (а)	3 (м) (а)	/ (а)	/ (а)	/ /	/	/ (а)
Кл.мед. и рехаб.	17 (м)	17 (м)	17 (м)	/	/	/	/	/
Физикална терапија и кинезитерапија	**15 (м):** 13+2 *(усм)* 35 (а)	8 (м):6+2 *(усм)* 35 (а)	7 (м) (а)	/	/	/	/	/
Предкл. на тот. и пар. протез.	32 (м)	32 (м)	31 (м)	1 (м)	/	/	/	/
Коронки, мостови и ком.	10 (м) 35 (а)	4 (м) 35 (а)	5 (м) (а)	1 (м) (а)	/	/	/	/
Апт.раб. и фарм. тех.	38 (м)	38 (м)	37 (м)	1 (м)	/	/	/	/
Фармацевтска хемија и фармакогнозија	36 (а)	36 (а)						
Инструм. и лаб. анализи во фар.	6 (м)	5 (м)	4 (м)	1 (м)	/	/	/	1 (м)
Кл. хемија и хемат. со трансф.	34 (м): 33+1 *(усм)*	34 (м)	34 (м)	/	/	/	/	/
Гинекологија со нега	27 (а)	27 (а)						
Основи на здравствена нега – практична настава *(завршен испит)*	1 (а)	/	/	/	/	/	/	1 (а)

**Објаснување на кратенките: (см) – државна стручна матура; (дм) – државна матура; (усм) – училишна стручна матура; (м) – македонски наставен јазик; (а) – албански наставен јазик*

Сите пријавени кандидати успешно ја одбранија проектната задача.

4. Реализација на наставата

4.1. Редовна настава по сите предмети (теоретска и практична)

Од почетокот на учебната година наставата се изведуваше по сите наставни предмети кои се предвидени со наставниот план и програма за здравствена струка.

Планирањето на наставата се реализираше преку годишен глобален план и писмена подготовка за обработка на секоја наставна тема/модул, како и писмена подготовка за секоја наставна единица. За предметите според реформираната модуларна програма, за сите години, модуларните и планирања за час се изготвени според новиот образец од Насоките за планирање на воспитно-образовната работа по стручните предмети во стручните училишта, од Центарот за стручно образование и обука, а за општообразовните согласно наставните планови и програми одобрени од Бирото за развој на образованието.

Програмата е целосно реализирана по сите наставни предмети.

4.2. Информатичко-комуникациска технологија во наставата

Во тематските планирања предметните наставници имаат предвидено користење на компјутери и информатичко комуникациска технологија, а во училиштето се овозможени техничките услови (интернет, ЛЦД проектори) постирано и видео материјали изготвени од наставниците од нашето училиште кои имаа и соодветна обука за тоа од Microsoft.

Во наставата по математика во прва и втора година меѓудургото се користи апликацијата Geogebra.

Освен тоа, наставниците по природни науки од прва и втора година користат и линкови од соодветни науки, како и порталот https://naukazadeca.mk/, како и соодветни апликации.

Стручните наставници по практична настава во втора, трета и четврта година користат видео материјали изготвени од страна на стручни наставници или во соработка со клиничкиот центар.

По стручните предмети се користат онлајн апликации или едукативни портали од медицинските факултети од земјата и странство, како и портали

4.3. Дополнителната и додатната настава

Дополнителната и додатната настава е вградена во тематските планирања на наставниците и воглавно дополнителната настава редовно е изведувана, за што има евиденција во електронскиот дневник. Дополнителната настава е за учениците кои имаат потешкотии во учењето и заостануваат по одделни предмети од разни причини (болест, подолго отсуство) - регулирано со член 48 од Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование.

Со започнувањето на наставната година секој предметен наставник има изработен распоред за дополнителна настава кој по донесувањето станува составен дел на Годишната програма. Поради тоа во текот на целиот воспитно-образовен процес на учениците им беа овозможени разновидни форми на помош во совладувањето на програмските содржини, прилагодени на нивните специфични способности и можности, низ групна и индивидуална работа, упатување во суштината на содржината, методите на успешно учење, организирано ангажирање на учениците, разни писмени материјали за самостојна работа и слично.

Исто така, дополнителна настава се реализира и за подготовка на учениците упатени на поправни испити и испити на годината. За таа цел предметните наставници изработуваат програма за работа и распоред за реализација на истата.

За учениците кои во текот на задолжителната настава и низ другите воспитно-образовни активности покажуваа зголемен интерес за определени научни и наставни дисциплини или се подготвуваа за учество на манифестации со кои се афирмира Училиштето, беше организирана додатна настава, според програми што значат проширување и продлабочување на содржините по одделни предмети и подрачја, а придонесуваат за развој на талентот и интересите на ученици.

4.4. Изборна настава

Учениците и родителите од втора и трета година, во текот на второто полугодие добиваат информации за изборните предмети според наставниот план и преку анкета се определуваат за избор на еден од понудените предмети.

Наставен профил	Предмети во трета година	Предмети во четврта година	Подрачје
Медицинска сестра	Медицинска етика	Геронтологија со нега	Медицинска етика и геронтогија
	Биологија	Биологија	Општообразовен модул
	Хемија	Хемија	
	Физика	Физика	
	Информатика	Бизнис и претприемништво	
Забен техничар	Основи на радиологија во дентална медицина	Компјутерски дентален дизајн	Компјутерска технологија и радиологија во функција на дентална медицина
	Биологија	Биологија	Општообразовен модул
	Хемија	Хемија	
	Физика	Физика	
	Информатика	Бизнис и претприемништво	
	Козметологија	Фитотерапија	Применета фармација

Фармацевтски техничар	Хемија	Хемија	Општообразовен модул
	Биологија	Биологија	
	Математика	Математика	
	Информатика	Бизнис и претприемништво	
Медицински лабораториско-санитарен техничар	Цитолошки и хистолошки техники	Заразни и незаразни заболувања	Промени во клетка, ткиво и орган при заболувања
	Биологија	Биологија	Општообразовен модул
	Хемија	Хемија	
	Физика	Физика	
	Информатика	Бизнис и претприемништво	
Физиотерапевтски техничар	Итни медицински состојби	Физикална терапија во козметологија	Ургентни соостојби и применета физикална терапија
	Биологија	Биологија	Општообразовен модул
	Хемија	Хемија	
	Физика	Физика	
	Информатика	Бизнис и претприемништво	
Гинеколошко акушерска сестра	Патолошка бременост	Неонатолошка нега	Нега во неонатологија и патолошка бременост
	Биологија	Биологија	Општообразовен модул
	Хемија	Хемија	
	Физика	Физика	
	Информатика	Бизнис и претприемништво	

5. Воннаставни активности и реализирани проекти според интересот на учениците и програмите за работа кои се составен дел на училишнатата Годишна програма

Покрај грижата за редовната образовно-воспитна работа, големо внимание е посветено и на воннаставните активности кои беа реализирани со посебен ентузијазам и мотивираност.

Преку партнерски однос и воспоставување линк со повеќе релевантни институции, низа активности успешно се реализираат. При тоа младите се стимулирани активно да партиципираат со свои идејни решенија и учество во повеќе проекти. Посебно како области би ги издвоиле следните:

- Унапредување на безбедноста во училиштето и спречување на училишното насилство (Тим за безбедност на Училиштето)
- Унапредување на здравјето на учениците и животната средина
- Унапредување на свесноста за менталното здравје на младите, преку едукативни работилници врз основа на програма и прирачник изготвен од Институтот за психологија на УКИМ и БРО
- Промоција на ученичките права , слободи и различности (соработка со LEAD), преку УУЗ – Ученичката училишна заедница
- Поттикнување на кариерното советување и информирање на учениците, со реализација на батеријата тестови за професионални интереси БИПО со учениците од трета година
- Акции во соработка со Црвен крст
- Хуманитарни акции
- Проекти за меѓуетничка интеграција во соработка со ОБСЕ, Град Скопје, МОН

- Учество на МАССУМ во повеќе категории
- Психосоцијална помош на членовите на училишната заедница за справување со разните форми на насилството, а во прв ред со сајбер-насилството кое станува се поактуелно во услови современото живеење и користење на социјалните мрежи
- Едукација и промоција за градење на здрави животни стилови кај младите преку јакнење на свеста кај средношколците и поширокатa јавност за личната одговорност во заштитата на сопственото физичко, психичко, сексуално и репродуктивно здравје.
- Истражувања и промоција на родовата рамноправност, ученичките права, слободи и развој на креативноста кај учениците (преки соработка со НВО секторот).
- Организирање манифестации на кои ќе се презентираат училишните постигнувања, ќе се промовираат најдобрите ученици и ќе се претстават резултатите на воспитно-образовната дејност пред поширокатa јавност.
- Соработката со локалната заедница се развива преку голем број на активности, како што се вклучување во одбележување на значајни настани, крводарителски акции, проекти со Секторот за јавни дејности, Одделението за образование на Град Скопје.

Преглед на активности кои ја одбележаа учебната 2025-2026 година

Воннаставни активности

Покрај грижата за редовната образовно-воспитна работа, големо внимание е посветено и на воннаставните активности.

Соработката со локалната заедница се развива преку голем број на активности, како што се вклучување во одбележување на значајни настани, крводарителски акции, проекти со Секторот за јавни дејности, Одделението за образование на Град Скопје. Како позначајни ги издвојуваме:

Хуманитарни акции и добротворни настани

Учениците од креативниот клуб и оваа година покажаа исклучитлна посветеност и подготвеност за акција, каде учествуваа ученици од паралелките на македонски и албански јазик, со што се потврдува заложбата за јакнење на меѓуетничката интеграција на младите.



Крводарителска акција

На 28 август 2025 година, во Домот на АРМ, од 09:00 до 17:00 часот, се одржа традиционалната крводарителска акција по повод празникот Успение на Пресвета Богородица.

Под менторство на Д-р Беким Фера, учениците Азиз Али, Трим Емини, Амар Зекири, Донарта Ислами и Арта Арслани учествуваа како волонтери во оваа хуманитарна акција, давајќи пример за солидарност и хуманост.

Акцијата беше организирана од Црвен крст на Република Северна Македонија – Општинска организација Центар во соработка со Институтот за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија, традиционално по 23-ти пат.
! Од срце за срце – капка крв што значи живот. **!**









.....

Подај рака – поддршк аа лицата со етки болести

Хуманитарна штафетна трка, десетта по ред.ПОДАЈ РАКА - затоа што лицата со ретки болести имаат право да не бидат невидливи.Кој ако не ние од медицинско, наставниците Биљана Стефановска и ЛидијаПшенко, со своите ученици








.....

Новогодишна хуманитарна акција „И ТИ БИДИ ДЕЛ ОД НЕЧИЈА НАСМЕВКА“

Нашата цел е едноставна: да донесеме пакетчиња, но уште поважно – да донесеме надеж, магија и многу, многу гушки. Сакаме барем на миг да ги исполниме болничките ходници со празнична радост и да ги потсетиме дечињата дека не се сами.
Елката ја украсиваме, подготовките за дочек на Дедо Мраз се почнати, а тој пак ќе донесе пакетчиња за дечињата од Детската клиника. Сите заедно ќе ги посетиме и ќе им однесеме една вреќа насмевки и радости
Оваа година со двајца Дедомразовци и со полни торби љубов ги посетивме најхрабрите мали борци од Детската клиник

Секоја насмевка е една мала победа. Секоја искрена гушка е чекор кон побрзо оздравување.
Поранешната ученичка Стефанија Ризова и оваа година даде несебичната поддршка со сопствени пакетчињата што ги дониираше, а предизвикаа многу насмевки.















.....






.....

Фестивал Џифони

Филмскиот фестивал за млади Џифони Македонија се одржа од 26 септември до 1 октомври и на него активно учествуваа над 400 учесници од земјата и од странство. Учесниците гледаа филмови со теми кои ги засегаат младите, дебатираа на најразлични теми, учествуваа на креативни работилници на кои се стекнуваа со корисни вештини и создаваа кратки филмови, фотографии, стрипови, сценски настапи и други дела. Во попладневната програма за учесниците беа организирани низа дополнителни настани, претпремиери на македонски остварувања, кратки филмови од италијанска продукција, средби со познати личности, предавања и мастеркласови на теми врзани со животната средина, на социјално актуелни теми и многу други.

На овогодинешниот фестивал, од СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ учествуваа ученициte Влатко Николовски – фотографија, Нина Аневска – фотографија, Теона Пачемска со краток документарен филм

……

Соработка со социјални партнери

Стручните соработници Нина Кнакс и Азра Кавазовиќ учествуваа и дадоа значаен придонес кон унапредување на сестринската и акушерската професија и размена на добри практики, на Симпозиумот организиран од Здружението на медицински сестри, техничари и акушерки на Македонија (ЗМСТАМ). XXI Симпозиумот со регионално учество на тема: „Сестринството во фокусот – од невидливи до неопходни партнери во здравствените реформи“, се одржа од 16 до 18 октомври 2025 година во хотел Силекс, Охрид.

Симпозиум од областа на анестезија и реанимација, одржан на 28.03.2026 во ЈЗУ УК за белодробни заболувања кај деца -Козле.





Одбележување на Денот на сетеринството

Третиот конгрес на Македонското здружение на медицински сестри за анестезија, реанимација и интензивна нега - МЗСАРИН, се одржа на 16 и 17 април 2026, во хотел Континентал, Скопје.Зедоа учество 300 гости од јавниот и приватниот здравствен сектор од земјата и регионот, со 32 стручни презентации, работилници и панел дискусии.
Се разбира дека и претставници од нашето училиште беа дел од овој настан.
Благодарност до организаторите за одличната програма и можноста за професионално надградување!






.....

На 5 јули, во организација на инфектолошката клиника и новоформираното здружение на инфектолошки сестри и лаборанти се реализира ифектолошка секција. Меѓу многуте присутни медицински сестри од инфектолошката клиника и од останатите клиники од клиничкиот центар, од примарната здравствена заштита и други болници од внатрешноста, нашите ученици со својата професорка по практична настава Азра Кавазовиќ учествуваа и покажаа професионализам и исполнителност.



……..

Меѓуетничка интеграција во образованието
Заеднички часови

Оваа учебна година во училиштето се реализираа заеднички часови по предметите Анатомија и физиологија со професорите Виктор Николоски и Јасин Рустеми, како и по спорт со професорите Александар Ѓорѓиевски и Енвер Исмаили. Заедничките часови се поддржани од Секторот за образование на Град Скопје и канцаларијата на ОБСЕ, за што професорите ја добија неопходната обука како и грант со кој се обезбедени нагледни средства – Апарати за виртуелна реалност и модели на скелет, за наставата по предмето Анатомија со физилогија. .








Мировни пораци – Прва Детска амбасада во светот „Мешаши“




Кажи НЕ на пиротехнички средства – создавај спомени без повреди’.“

Во соработка со ЈЗУ Универзитетската клиника за пластична и реконструктивна хирургија и МВР, во нашето училиште се одржаа едукативни предавања за превенција од употреба на пиротехнички средства.



Одбележан Денот на албанската азбука

Во пресрет на празникот 7 Март – Денот на учителот, учениците од СМУГС "Д-р Панче Караѓозов“ организираа богата културно-уметничка програма.

Со голема посветеност и ентузијазам, учениците го претставија својот талент преку изведби на музички инструменти, пеење, танци и други уметнички точки, создавајќи топла и свечена атмосфера во чест на нивните наставници.

Во рамките на оваа активност беа доделени и признанија за придонесот и посветеноста на наставниците, кои со својата работа и постојан ангажман имаат значајна улога во образованието и формирањето на младите генерации.

По тој повод, учениците и наставниот кадар упатија искрени честитки по повод 7 Март – Денот на учителот, изразувајќи благодарност до сите наставници за нивната посветена работа и придонес во образованието.






Одговорни професори Шпреса Исмаили и
.....

Стоматолошка едукација

По повод Светскиот ден на оралното здравје, (20.03.2026), нашите ученици од отсекот забни техничари под менторство на професорката Александра Милошевска, реализираа посебна и емотивна посета на ДСУРЦ „Димитар Влахов“.

Преку директна дружба и практични совети, идните забни техничари им помогнаа на своите врсници со оштетен вид да научат повеќе за правилното одржување на хигиената и здравјето на забите.
Оваа средба беше многу повеќе од обична едукација – беше лекција по емпатија, инклузија и меѓусебна поддршка.



Посета на Технолошки факултет

Од училницата – директно во лабораторија! Денес ученици од нашето училиште го посетија Технолошки-Металуршки Факултет во Скопје каде што присуствуваа на работилница на тема Менаџмент на водни ресурси.Со тоа земавме активно учество во активности по повод Светскиот ден на водата-22март. Активноста беше реализирана под менторство на професорката по биологија Елизабета Сарафимова и училишниот психолог Лидија Лазаревска. При посетата учениците се стекнаа со нови знаења и искуства.





Еколошка акција во нашето училиште

Во пресрет на Патрониот празник, денес нашите биолози заедно со вредните ученици спроведоа акција за чистење на училишниот двор!

Ова е само една од многуте активности со кои го одбележуваме 7-ми април – Денот на здравјето и празникот на нашето училиште. Преку работа и дружење, учиме како да се грижиме за нашата околина.








...

Меѓународна соработка
ЕРАЗМУС+ ПРОЕКТ:

„ДИГИТАЛНИ ВЕШТИНИ ЗА КОМПЈУТЕРСКИ ПОТПОМОГНАТ ДИЗАЈН И ПРОИЗВОДСТВО – CAD/CAM НА ПРОТЕТСКИ ПОМАГАЛА ВО МЕДИЦИНАТА“ 🇪🇺🇲🇰🇸🇪

Средното медицинско училиште „Др. Панче Караѓозов“ – Скопје успешно реализираше мобилност во рамките на програмата Еразмус+, во Curt Nicolin Gymnasiet во Финспонг, Шведска, каде што десет ученици и тројца наставници имаа можност да се запознаат со современите технологии и иновативни пристапи во областа на дигиталната протетика.


Проектот беше насочен кон унапредување на дигиталните и професионалните компетенции на учениците и наставниците во областа на компјутерски потпомогнат дизајн и производство (CAD/CAM) на протетски помагала во медицината, преку практична примена на CAD/CAM системите и размена на искуства.

Учесниците имаа можност да се запознаат со современите образовни и технолошки практики, да разменат искуства со шведските ученици и наставници и да стекнат нови знаења кои ќе придонесат кон подобрување на наставниот процес и професионалниот развој.

Овој проект претставува значаен чекор кон модернизација на наставата, зголемување на квалитетот на стручната обука во нашето училиште и јакнење на европската димензија во образованието.

Голема благодарност до Националната агенција за европски образовни програми и мобилност за поддршката и можноста за реализација на овој проект, како и до нашето партнерско училиште Curt Nicolin Gymnasiet – Финспонг, Шведска, за исклучителното гостопримство, професионалната соработка и споделените знаења и искуства.

🌍 Заедно создаваме мостови на учење, пријателство и европска соработка! 🇪🇺💙






Curt Nicolin Gymnasiet






STOP



Нашето училиште повторно ги пречека нашите гости од Шведска, продолжувајќи ја нашата традиција на меѓусебна размена и пријателство.

Преку кратка програма, ги запознавме со духот на Македонија. Ги споделивме убавините на нашите пејзажи, нашиот фолклор и традиции, а фотографиите ги претставивме и автентичните вкусови на нашата традиционална кујна






Учениците од СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“, заедно со своите гости од “Curt Nicolin Gymnasiet” од Финспанг, остварија едукативна посета на Клиничката болница „Аџибадем Систина“, како дел од соработка преку Еразмус+ програмата.

Групата беше предводена од Андроники Бибовска, медицинска сестра и техничар за едукации и обуки и Магдалена Митевска, главна сестра на Одделот за интензивна нега, кои им овозможија на учениците непосредно да се запознаат со функционирањето на една современа приватна здравствена установа.

За време на посетата, учениците имаа можност одблиску да ги видат организацијата на работата, современите капацитети и напредната медицинска технологија, како и професионалниот пристап на медицинскиот персонал. Посебен акцент беше ставен на примената на најновите протоколи во лекувањето и грижата за пациентите.

Идните медицински сестри и акушерки ги посетија ургентниот центар за возрасни, хируршкиот стационар, стационарот за гинекологија и акушерство, Одделот за дерматовенерологија, Одделот за општа интензивна нега, како и собата за симулација, каде што се реализира практична обука за медицинските сестри и техничари.

На самиот крај од посетата, на учениците и нивните професори им се обрати медицинскиот директор на Клиничката болница „Аџибадем Систина“, д-р Емилија Мирчевска, која изрази искрена благодарност за покажаниот интерес и воспоставената соработка. Таа

потенцираше дека болницата и во иднина останува отворена за поддршка и заеднички активности, со цел поттикнување и развој на квалитетни идни здравствени кадри.

Оваа посета претставува значаен чекор во нивното професионално усовршување, овозможувајќи им да го поврзат теоретското знаење со практичната работа и да стекнат нови искуства во реална клиничка средина.

На средбата беше договорено во иднина да се реализира заеднички проект со учениците од СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“, што дополнително ќе ја зајакне соработката и ќе отвори нови можности за размена на знаења и искуства.







...

Соработка вградена во меморандум

Нашето училиште изрази големо задоволство дека потпишаниот меморандум за соработка започна да се реализира. Имено тимот на Систина Офталмологија во нашето училиште спроведе активности за грижа и проверка на видот на нашите ученици.
Здравјето е приоритет, а превенцијата е клучот за правилен развој.
Благодарност до стручниот тим за професионалноста и посветеноста!



……

Патронен празник 7 Април и Отворен ден на Училиштето

Подготовки





.....

Учество во истражување од правниот факултет од Битола на тема „Употребата на дигиталните платформи и распространетоста на сајбер насилството во училишната средина“ со ученици од втора и трета година

.....


Во рамки на SkopYEAH!: ИНОКАМП ЗА МЛАДИ: ХАКНИ ГО ПРОБЛЕМОТ, ПОДОБРИ ГО ГРАДОТ, нашиот ученик Андреј Божиновски од III2фт, како дел од тимот, освои прво место.

Предизвикот на овој инокамп е да се замисли и дизајнира една дигитална платформа (веб или мобилна) која ќе овозможи:

- јасен и разбирлив приказ на квалитетот на воздухот
- пријавување и мапирање диви депонии
- пријавување на полни контејнери



Технолошко-металуршкиот факултет се одржа натпревар на тема Нано материјали – материјали на иднината, освоено 2 место. Ментор проф. Елизабета Сарафимова



....

Прво и трето место за нашите ученички на 62-риот Државен натпревар за млади истражувачи

На 62-риот Државен натпревар за млади истражувачи на Република Северна Македонија „НАУКА НА МЛАДИ“ нашите ученички Мила Тодевска и Марија Будимова беа на ниво на задачата во областите Екологија и Фармација.

Честитки за учениците и нивниот ментор професорката Анита Диневска



Соработка со Стоматолошки факултат

Динамична атмосфера, исполнета со прашања, дискусии и „aha“ моменти кои ги поттикнаа учениците да размислуваат како идни професионалци - слика на денешниот ден во отсекот забни техничари."Виновници", професорките Жана Чинговски и Александра Милошевска - на нивна иницијатива, гостите, Проф.Кристина Митиќ, од стоматолошкиот факултет, Ангеловски Д-р Бојан, специјалист по детска и превентивна стоматологија и Др.Катерина Гавриловиќ, претставник и едукатор на Curapeox iTOP, одржаа работилница за Curaprox iTOP (Individually Trained Oral Prophylaxis), претворајќи ја училницата во вистинска зона за орално здравје. Наместо класично предавање, учениците учеа преку интерактивни демонстрации, практична работа и директно учество, каде секој имаше можност да ги усовршии техниките за правилно четкање и користење на интердентални четки.

Особено внимание беше посветено на индивидуалниот пристап – секој ученик доби насоки прилагодени на неговите навики, со што концептот iTOP стана реално искуство, а не само теорија. Оваа работилница не само што ги зајакна нивните практични вештини, туку и ја подигна свеста за мааноста на превенцијата и правилната орална нега – клучни елементи во секојдневната работа на еден здравствен работник.



....

На Глобалниот ден на изборите беа поканети и ученици од нашето училиште. Учениците сега за ажноста на изборите како елемент на демократијата.



……

Одржана едукативна работилница за женско здравје

Во Пунктот за бездомни лица беше одржана едукативна работилница на тема Контрацепција, наменета за жените кои го посетуваат пунктот. Работилницата ја одржа проф. Елена Димитриевска, која на јасен и пристапен начин зборуваше за значењето на грижата за женското репродуктивно здравје.

Преку ваквите активности се стремиме кон подигнување на јавната свест и зајакнување на знаењата кај оваа ранлива категорија кориснички, со цел подобар пристап до информации, заштита на здравјето и унапредување на квалитетот на живот.

И со оваа едукација продолжуваме да придонесуваме за поддршка и грижа за женското здравје- право на секоја жена.
Активноста е во рамки на SHAPE проектот финансиран од Австриското Федерално Министерство и Австриски ЦК.



……..

Одржана работилници за **Мотивација на ученците**, од страна на педагог Валентина Дамчевска, за учениците од прва година.



....


Осовременување на наставата

Употребата на технологијата VR Anatomy во средното медицинско училиште СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ претставува модерен чекор кон унапредување на медицинското и научното образование. Преку виртуелната реалност, учениците имаат можност да ја изучуваат анатомијата на човечкото тело на многу поинтерактивен, практичен и разбирлив начин отколку само преку класични учебници.

Со помош на VR Anatomy, учениците можат да ги истражуваат органите, мускулите, коските и системите на телото преку 3D модели, разгледувајќи ги од секој агол и со големи детали. Овој метод го прави учењето поинтересно и помага за полесно разбирање на анатомските структури, што е особено важно за учениците кои се подготвуваат за здравствени професии.

Во СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“, употребата на современи технологии како VR Anatomy, под водство на професорот Јасин, професор по анатомија и физиологија, може позитивно да влијае врз мотивацијата на учениците и развојот на нивните практични и технолошки вештини. Наставата станува подинамична, пореална и поблиска до вистинската медицинска пракса.

Оваа технологија не само што го подобрува квалитетот на образованието, туку и го позиционира училиштето како модерна институција која ги следи современите развои во образованието и медицината.




Тим за безбедност

Град Скопје активно работи за спречување и намалување на меѓуврснички насилство во градските средни училишта, а дел од активностите опфаќа и делувањето на координаторите од сите градски средни училишта задолжени за справување со врснички насилство кај младите.

Координаторите ги презентираат училишните извештаи за состојбите од оваа проблематика во училиштата, а ги презентираат и мерките и активностите што ги преземаат за спречување и намалување на меѓуврснички насилство.

Во рамките на своите заложби за унапредување на безбедноста во училиштата, Градот Скопје во изминатиот период спроведе повеќе активности и иницијативи меѓу кои формирање тимови за безбедност, назначи координатори за справување со меѓуврснички насилство, воведе протоколи за справување во кризни ситуации и при детекција, справување и превенција на сите форми на насилство во училиштата.

Во однос на заложбата за намалување на насилството и унапредување на безбедноста во училиштето, под иницијатива на Град Скопје и Секторот за превенција на СВР Скопје, формиран е Тим за безбедност во кој членуваат сите релевантни субјекти: директор, стручна служба, наставен кадар, претставници од Советот на родители, претставници од Ученичката заедница, претставник од агенцијата за обезбедување. Во училиштето се реализираат повеќе активности:

- Активно учество во проекти поддржани од Град Скопје за намалување на насилството и унапредување на безбедноста во средните училишта „Безбедни училишта- хармонична средина“.

- Одржување разговори и работилници за ненасилна комуникација од страна на педагошко-психолошката служба .
- Во рамки на одржаните Совети на паралелки се нагласува значењето на наставниците во подигнувањето на безбедноста, особено за подигнување на свеста и спречување на сајбер насилство.
- Состаноци со претседатели на класови и реализирани работилници од страна на учениците - спроведување на мерките од акциониот план (давање идеи и предлози за активности, извештај за состаноците на класната заедница).
- Учениците и родителите се запознати со протоколите за безбедност, преку материјалите кои ги доставува стручната служба до секој класен раководител.

Грижа за здравјето на учениците

Грижата за здравјето на учениците особено е нагласена оваа учебна година, па акцент е ставен и на физичкото, но секако и менталното здравје на ученците. Освен перманентната поддршка од стана на наставниот кадар и стручната служба, и секако соработката со семејството, беа реализирани и работилници за значењето на менталното здравје на учениците.

Нашите ученици, како и секоја година активно се вклучија во краводарителските акции,оргаганизирани од Црвениот крст на Македонија.

Младински активизам

Програмата за младинско лидерство на ученици

Целта на Програмата е развивање на младински активизам во граѓанското општество преку обука и практично доусовршување на нова генерација млади лидери коишто активно ќе се вклучат во подобрување на условите во заедницата. Програмата се реализираше септември-октомври година во два дела: Обука и Волонерска работа во НВО, со следната динамика:

1. Состанок на координатор со групата учесници и запознавање со програмата.
2. Волонтерите (ученици) доаѓаат на дво-дневна обука (Модули: Тимска работа, Комуникација, Одржливи заедници, Умствени модели, Промена) каде што ќе развијат проектна идеја што потоа ќе ја донесат во НВО и на чие развивање ќе можат да работат заедно со менторот
3. Учесниците се распоредуваат во НВО и започнуваат со волонтерска програма во вкупно времетраење од 18 работни часа, поделени на три седмици (не треба да посетуваат секој ден, туку 2-3 пати недлено по 2 часа, по договор со менторот од НВО).
4. Учесниците ја започнуваат волонтерската програма и на истата се очекува да бидат директно вклучени во работата на НВО, со цел запознавање на природата на работата на НВО.

Ученичка училишна заедница

Целта на функционирање на УУЗ е:

- Да се поттикне креативниот дух на учениците
- Да се поттикне пријателството и дијалогот меѓу учениците основан врз принципите на рамноправност и взаемно почитување
- Да се подобри контактот меѓу учениците и професорите во училиштето
- Да се афирмираат ученичките права и обврски
- Да се афирмира училиштето

Проекти кои се реализираат со активно учество на ученците :

- Меѓуетничка интеграција на младите - заеднички часови,
- Одбележување значајни датуми
- Ученичка иницијатива и поттикнување младински активизам
- Подигнување на свеста за сите видови насилство и превенција
- Врсничка едукација
- Посета на Собрание
- Хуманитарни акции
- Учество во проекти на невладини организации, одобрени од МОН и Град Скопје
- Поддршка на учениците
- Информација за YES програма

Одбележување на значајни датуми:



Постигнати награди за учебна 2025/2026 година



За Училиштето значајни се постигнатите резултати и пласмани на повеќе регионални, државни и маѓународни натпревари. Прегледот е претставен во табелата, но особено ќе ги нагласиме освоените први места .

Освоени награди

Натпревар и организатор	Општински	Регионален	Државен	Меѓународен	ученици	ментор
Државно првенство во пливање под раководство на Федерација на училишен спорт на Македонија.			1 3 1		Димитар Бошнаков Максим Манов Јован Ристовски	Александар Ѓорѓиевски
Латински јазик Здружение на класични филолози Антика при Институтот за класични стидии на Филозофскиот факултет на УКИМ	3место 3место 3 место 3 место 3 место 3 место 2 место 2 место 3 место 3 место 3 место 3 место 3 место 2 место 3 место 2 место	2 наг 2 наг 2 наг 1 место 3 наг 3 наг 2 наг 2 наг 2 наг 2 наг 2 наг 2 наг 2 наг 2 наг 2 наг 3 наг	2 наг 2 наг 3 место 2 наг Поф Поф 2 наг 2 наг 2 наг 2 наг 2 наг 2 наг 2 наг 3 место 2 наг 2 наг		Ања Ѓорѓиевска Меланија Младеновска Андреј Стаменковски Горјан Еврушовски Јована Киранџиска Калина Мојсковска Јана Михајловска Ива Ѓорѓиевска Никита Грбевски Теодора Ангеловска Јана Симоновска Јана Брњарчевска Марјан Кристо Димитрија Спасовски Марија Блажевска	Соња Становска

	2 место	2 наг	2 наг		Калина Шипиновска	
Екипни спортски натпревари на училиштатат на Град Скопје - ракомет		1	**1**		екипа	Весна Качаниклиќ
Екипни спортски натпревари на училиштатат на Град Скопје ракомет	1	1	**3**		екипа	Валентина Радуловиќ
Фондацијата „Никола Кљусев“ со поддршка од Град Скопје, литературен конкурс „Скопје градот мој...“	1				Христијан Гочевски Иваноски	Павлина Митевска
Месец на наука - учество на сите училишта од државата			3		Дерја Џафче	Елена Јакимовска
Технолошко-металуршкиот факултет се одржа натпревар на тема Нано материјали – материјали на иднината			2		Ема Угриновска иЕма Стојановска	Елизабета Сарафимова
Македонско биолошко друштво		1 2 2 2 3 3 3 3 3 3 3 3 3	1 наг 3 нагр 3 нагр 3 нагр		Јована Андонова Марјан Кристо Ана Ѓорѓиевска Тара Спасиќ Дерја Џавче Теона Чаковска Кристијан Темов Нина Станковиќ Јасемин Јајовска Стефанија Милошеска Теона Шалева Горјана Димишковска Димитрија Спасовски Матеја Танасковска Ана Младеновска Надја Панова	Елена Јакимовска
Македонско биолошко друштво		1 1 2 2 2 3	1место 2 нагр 3 нагр 1 нагр 1 нагр 3 нагр		Дајана Стојановска Оле Мишевска Марија Будимова Горјан Еврушоски Калин Личев Андреј Стаменковски	Виолета Јовевска
Македонско биолошко друштво		1 1	2 нагр 3 нагр 3 нагр		Ива Маневска Лина Добрева Марија Шиндева	Ирена Стевановска

		2 3 2	3 нагр 3 нагр 3 нагр		Анастасија Вадилевска Дарија Митровска Милена Ивановска	
Македонско биолошко друштво		1 1	3 нагр 3 нагр		Аѓиф Халим Насир Неби	Мерван Бакиу
Музички натпревар во Штип.		1	1		Ангела Ивковска Анастасија Јанкулоска	Лидија Пшенко



Во Куманово се одржа Државно првенство во пливање под раководство на Федерација на училишен спорт на Македонја.
Учество земаа 62 училишта од Македонија со преку 240 пливачи
Нашето училиште СМУГС "Др Панче Караѓозов" под менторство на професорот Александар Ѓорѓиевски зема учество со следните ученици:
Павел Трипуноски,Нина Карајованова , Стефан Гурев , Димитар Бошнаков, Елена Николовска , Павел Јосифовски .Максим Манов

Освоени медали:
1.Димитар Бошнаков -1рво место100м краиул
2.Максим Манов -3то место 100м градно

Ученикот Јован Ристовски од класот I-1 млст, како дел од ватерполо екипата на Вардар, освои
I (прво) место во категорија 2009 на Зимското национално ватерполо првенство (5-7декември)

<table>
<tr><td></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
</table>

.....

.....

Екипни спортски натпревари на училиштатат на Град Скопје

<table>
<tr><td>Кошарка

Екипата: Ајан, Борјан, Кирил, Давор, Огнен, Андреј, Блед, Месут, Јоаким Марко и професорот Александар Ѓоргиевски извојуваа прва кошаркарска победа 41-29 против СУГС Кочо Рацин.</td><td></td></tr>
<tr><td>Ракомет Dve pobedi vo rakomet protiv Korcagin i Mihajlo Pupin</td><td></td></tr>
</table>

Прво место за женската екипа на СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“, предводена од проф.Валентина Радуловиќ.	
	

...

МАССУМ 2026 - Богданци

Традицијата продолжува со учество на ученици и ментори од СМУГС „ Д-р Панче Караѓозов“ - Скопје. Честитки за сите кои годинава беа дел од Образовното Рандеву во Богданци.

✨ Следува листата на наградени

1. Социјален бизнис модел - албански јазик I место
Arlinda Cakolli, Arta Ramadani, Emine Sejfuli, Erda Halim
Ментор; Mervan Bakiu
2.Интервју за работа - англиски јазик II место
Yillka Ali
Ментор; Shpresa Ismaili
3.Бенд II место
Ангела Ивковска синтисајзер, вокал и
Анастасија Јанкулоска - вокал
Ментор; Лидија Пшенко
4. Интервју за работа- албански јазик III место
Trim Emini
Ментор; Shpresa Ismaili
5. Соло изведувач III место
Eliza Mamuti - соло
Agnesa Neziri - гитара придружба
Ментор; Jesir Hoxha
6. Штанд - III место

Стефанија Цуциќ, Елеонора Јованов, Ѓорѓија Попоски. Бојан Каралијоски, Aziz Ali, Xhemail Veseli. Vaide Baki. Dua Shabani
Ментори; Јасмина Јаковчевска, Весна Игњатовиќ, Neshe Salih и Емилија Бошковска Живадиновиќ
7. Драма - III место
Sumeja Azemi, Mesud Kadri, Menduh Asani, Butrint Miftari, Aqif Halim, Shadije Abazi,Ron Izairi, Hana Asani, Agnesa Selimi, Zubejda Jusufi.
Ментор; Shpresa Ismaili





…….

Нашите таленти Ангела Ивковска IV 4м.с, клавијатура и Анастасија Јанкулоска IV2млст, вокал, после освојувањето на I место на регионален натпревар во категорија бендови, освоија I место и на Државниот натпревар во Штип.

Браво за нашите талентирани матурантки и нивниот ментор проф. Лидија Пшенко



.....

Прва помош натпревари

Учениците од СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ го освоија првото место на општинскиот натпревар по Прва помош, организиран од Црвен Крст – Општинска организација Центар.

Овој значаен успех е резултат на нивната посветеност, дисциплина и неуморна работа за време на подготовките, кои се одвиваа интензивно под менторство на професорот Стефан Мишовски, одговорен професор за активностите спроведени од страна на Црвен Крст.





.....

Потпишани меморандуми за соработка со здравствени институции




Потпишан е меморандум за соработка помеѓу СМУГС "Д-р Панче Караѓозов" и Клиниката „Жан Митрев“.

Со потпишувањето на овој меморандум се воспоставува соработка која има за цел унапредување на практичната обука и практичното образование и стекнување на дополнителни знаења и вештини кај учениците.

Во рамките на оваа соработка, учениците ќе имаат можност да ја реализираат практичната обука во Клиниката „Жан Митрев“, каде што ќе се запознаат со современите медицински процедури, организацијата на работата во здравствена установа и примената на теоретските знаења во практиката.

Оваа соработка претставува значаен чекор во подобрувањето на квалитетот на образовниот процес и во подготовката на учениците за нивниот понатамошен професионален развој во областа на здравството.

Горди сме што продолжуваме да градиме мостови со најдобрите институции во земјата! Благодарни сме на Клиниката „Жан Митрев“ за поддршката и заедничката визија!



……..
…..
Уште еден голем чекор кон унапредување на образовниот процес.
Со особена чест го потпишавме Меморандумот за соработка со Клиничката болница „Аџибадем Систина“. Ова партнерство на нашите ученици ќе им овозможи врвна практична настава и учење од најдобрите професионалци во областа на медицината. Продолжуваме да инвестираме во иднината на нашите ученици!







ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство - Скопје
ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија - Скопје
ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија - Скопје
ЈЗУ Универзитетска клиника за хирушки болести Св.Наум Охридски - Скопје
ЈЗУ Универзитетска клиника за физикална медицина и рехабилитација – Скопје
ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести – Скопје
ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија - Скопје
ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар – Скопје
ЈЗУ Здравствен дом Скопје (Брза помош)
Институт за јавно здравје - Скопје
Лабораторија за испитување на храна и ДПТУ „Фудлаб“ ДО Скопје
Лабораторија „Рамус“ - Скопје
Санте плус болница - Скопје

Здружение на лекари специјалисти ЗЛС - Скопје
Ад „Алкалоид“ - Скопје и Билна аптека -Скопје
ДФМСМР „Катлановска бања“ ДОО - Катланово
ПЗУ „Медика“ - Скопје
ПЗУ УСКЦ - Скопје – проф.Бојо Андреевски
ПЗУ„Еурофарм“- Скопје
ПЗУ „Моја аптека“ -Скопје
ПЗУ „Никоб лаб“ - Скопје
ЈП водовод и канализација - Скопје

6. Работа на управните и стручните органи и тела

6.1. Извештај за работата на Училиштен одбор

Во текот на учебната 2025/2026 година, Училишниот одбор има одржано состаноци на кои се разгледувани прашања и донесени повеќе одлуки:

- Усвојување на програма за реализирање на завршната екскурзија
- Избор на најповолнапонуда за реализација на завршна екскурзија
- Годишен финансиски план на приходи и расходи од дотација
- Годишен финансиски план на приходи и расходи од самофинансирачки активности
- План за јавни набавки за 2026 година
- Формирани се пописни комисии
- Усвоен е пописниот елаборат за извршениот попис на основните средства, ситниот инвентар и паричните побарува со состојба на 31.12.2025 година
- Донесена е одлука за благајнички максимум
- Донесен е годишниот извештај за финансиското работење на училиштето за периодот од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година.
- Усвоена Годишна извештај и програма за работа на училиштето и училишниот дом.

6.2. Совет на родители

Програмата за работа на Советот на родители опфаќа прашања од интерес на успешно работење на училиштето.

Родителите се вклучени во работата на Училиштето преку Советот на родители и на Училишниот одбор, како форми кои се утвдрени со Законот за средно образование. Соработката на Советот на родители и на Училишниот одбор не е формална бидејќи училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да

помогнат во работата на училиштето и да придонесат за унапредување на училишната клима.

Во текот на учебната 2025/2026 година, одржани се состаноци на Советот на родители на кои се разгледувани прашања поврзани со работата на училиштето

- Избор на претставници од Одборот на родители во советот на родители за прва година
- Избор на осигурителна компанија која ќе ги осигура учениците
- Информација за учебници кои ќе се применуваат и кои се пристигнати од Министерството за образование и наука
- Именувани се претставници во Училишниот одбор од редот на родителите на учениците.
- Реализација на проекти во училиштето.
- Истотака, родителите се информирани во врска со изборните предмети кои се изучуваат во трета и четврта година спред реформирано, модуларно образование

6.3. Наставнички совет на Училиштето

Во текот на учебната година одржани се состаноци на Наставнички совет, на кои по класификациони периоди беше направена анализа на постигнатите резултати. Исто така беше донесена одлука за активности поврзани со реалзиација на повеќе проекти - проекти за мултиетничка интеграција, тим за еколошка акција, назначени членови на Училишна матурска комисија, членови на Тим за безбедност на училиштето, уписни комисии, комисии за интерни матурски предмети и др. На Наставнички совет беше донесена и предлог одлука за распишување оглас за запишување ученици во прва година во учебната 2025-2026 година. Како и секоја година беше прогласен и ученик на генерација.

6.4. Менаџерски тим на Училиштето

Менаџерскиот тим во училиштето го сочинуваат: Директор, помошници на директор и стручна служба. Тимот го предводи Директор кој е раководен орган и е одговорен за законитоста во работењето на училиштето.

Менаџерскиот тим преку негување на тимската работа се стреми кон остварувањето на крајната цел: подобрување на воспитно - образовната работа и постигнување на подобри резултати во учењето и работењето на училиштето.

Членовите на менаџерскиот тим, секој во рамките на своите надлежности дава свој придонес во:

- организирање и координирање на работата во Училиштето
- следење на воспитно-образовната работа и грижа за целосно реализирање на наставните програми
- грижа за правилно и навремено водење на педагошката евиденција и документација

- стручно усовршување на наставниците
- следење на редовноста на наставниците и учениците и предлагање мерки за подобрување на истата
- анализа и следење на успехот и поведението на учениците
- унапредување на соработката со родителите односно старателите на учениците
- грижа за обезбедување и употреба на наставни нагледни средства и други помагала
- грижа за осовременување на наставата со примена на современи облици и методи за работа
- анализа на ефектите од примена на иновации во наставата

6.5. Ученичка училишна заедница– Ученички парламент

Целта на функционирање на УУЗ е:

- Да се поттикне креативниот дух на учениците
- Да се поттикне пријателството и дијалогот меѓу учениците основан врз принципите на рамноправност и взаемно почитување
- Да се подобри контактот меѓу учениците и професорите во училиштето
- Да се афирмираат ученичките права и обврски
- Да се афирмира училиштето

Проекти кои се реализираат со активно учество на ученците :

- Меѓуетничка интеграција на младите - заеднички часови,
- Одбележување значајни датуми
- Ученичка иницијатива и поттикнување младински активизам
- Подигнување на свеста за сите видови насилство и превенција
- Врсничка едукација
- Посета на Собрание
- Хуманитарни акции
- Учество во проекти на невладини организации, одобрени од МОН и Град Скопје
- Поддршка на учениците
- Информација за YES програма
- Посета на театраски претстави во рамки на програмата Бесплатна претстава во среда, во Теататрот за деца и младинци

Тимови:

- Тим за внатрешни работи (претседателите на класови - да ги претставува интересите и барањата на учениците)

- Тим за надворешни работи (за воспоставување соработка со други училишта и локална заедница)
- Тим за култура (музички бендови, ликовни изложби, драмска секција, поетски клуб, посета на претстави)
- Тим за наука и промовирање на научни достигнувања и иновации
- Тим за спорт (планинарење, велосипедизам и други рекретативни активности, учество на натпревари -согласно протоколите)
- Тим за здравствена култура (врснички едукации, Црвен крст...)
- Тим за безбедност (едукативни работилници во соработка со Секторотот за превенција на МВР, булинг, сајбер насилство...)

6.6. Стручни активи

Наставниците од нашето училиште имаат активна соработка со Бирото за развој на образованието и со Центарот за стручно образование и обука, преку учество во изготвување на Курикулумите за сите профили од здравствена струка, во развојот и унапредувањето на наставните планови и програми, имплементација и ревизија. При тоа се остварува соработка со универзитетски професори од Медицинскиот, Стоматолошкиот и Фармацевтскиот факултет, како и претставници од соодветни здравствени институции како социјални партнери.

Соработката е продлабчена со активно учество на стручни наставници во проектот на МОН, ЦСОО за Модернизација на техничкото образование реформа во пет чекори во техничкото образование на ниво на анализа на сектор, изработка на стандарди на занимање, стандарди на квалификации, наставни планови и програми. За реализација на истата организирани се обуки од страна на ЦСОО и МОН за реформите на техничкото образование.

Наставниците од нашето училиште перманентно учествуваат и во изготвување на наставни планови и програми, за модуларно реформирано образование

За координирање на активностите, во училиштето се формира Еко одбор. Од тоа произлезе потреба да на состаноците на стручните активи се дискутира во врска со потребата за збогатување на тематските планирања во делот на целите.

6.7. Обуки за наставниот кадар:

- На 23, 24 и 29 и 30 септември 2025 одржана обука Поттикнување одржлив начин на размислување кај
  учениците за решавање на глобалните еколошки предизвици" – реализирана од Друштво за друго образование на возрасни И консалтинг услуги АКАДЕМИЈА Ц.Е.С ДООЕЛ - Скопје,

- На 8.10.2025 и на 13.10.2025 одржана Акредитирана обука: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВЕШТИНИТЕ НА СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ЗА СОВЕТУВАЊЕ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА И КАРИЕРНА ОРИЕНТАЦИЈА КАЈ УЧЕНИЦИ за сите стручни соработници од средните училишта, што е во организација на Бирото за развој на образованието

- На 11 и 12.10.2025 Со колективот на Средното медицинско училиште „Д-р Панче Караѓозов“ – Скопје, реализиран е семинар на тема „Создавање стимулативна средина за учење“, каде што беа разменети искуства и идеи за унапредување на наставниот процес. Семинарот се одржа во Драч, Албанија/

<table>
<tr>
<td>
</td>
<td></td>
</tr>
</table>

- Учество на стручен соработник на работилница организиранао од канцеларијата на ОБСЕ за реализација на Концепт за рана детекција и превенција на психичко насилство врз млади девојки преку мултидисциплинарен пристап

- Во рамки на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“, а во партнерство со **Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД)** и **Народниот правобранител на Република Северна Македонија (НП)** и со поддршка на **Бирото за развој на образование (БРО)**, стручен соработник учествуваше на работилница на тема **„Превенција на сексуално насилство врз деца“ одржана во март 2026**

6.8. Извештај на стручна служба

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ПЕДАГОГОТ ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026

ПОДРАЧЈЕ	АКТИВНОСТИ	ДАТА
ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА	• Учество во изготвување на Годишна програма и Годишен извештај за работа на училиштето и презентација пред Наставнички совет во Powr point	до 25.08.

	со акцент на фокусот: безбеднист на учениците, МИО, грижа за менталното здравје на ученците • За сопствената работа • Укажување на стручна помош при изготвувањето на програмите на стручните активи • Стручна помош при изготвување на програми за дополнителаната и додатната настава во согласност со законската одредба	септември
СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ и ОД КЛАСИФИКАЦИОНИ ПЕРИОДИ	• Изготвен преглед на положени испити во августовскиот испитен рок • Изготвување на извештаи за почетокот на учебната година испратени во МОК и Реп. Завод за статистика • Одговорен прашалник за МИО од МОН • Изготвување на извештај и анализа за првото тромесечие за Наставнички совет • Изготвување на извештај и анализа за првото полугодие • Изготвување на извештај за трето тромесечие. • Изготвување извешатај за крај на Учебната година	до 30.09. септември ноември јануари март јуни -август
СИСТЕМАТИЗИРАЊЕ НА ГОД. ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ ПО НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА ПРЕДМЕТНИ ПРОФЕСОРИ И КЛ. РАКОВОДИТЕЛИ	• Увид во изготвените планови (годишни глобални, тематски/ модуларни и дневни) (анализа на квалитетот) • Давање насоки на новите колеги за изготвување на истите • Доставување на материјали за класен раководител (план и програма за кл.час, евиденција на присуства, причини и начин на изрекување на педагошки мерки, нов правилник за оценување, извадоци од Статутот, Наставен план за профилите и др.) по е-маил • Стручна помош при организацијата на редовната настава со поедини професори (за поединечни часови) • Изготвување на предлог Програма за учество во проекти и проектни активности со области во рамките на	септември септември септември тековно октомври и по потреба

	кои стручните активи можат да изготват свој план на акт. • Изготвување на Дневен ред за родителска средба со насоки • Изготвување на Дневен ред на Совет на паралелки со насоки	калсификациони периоди
УВИД НА ПЕДАГОШКАТА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА	• Увид во Дневниците за работа на паралелките • Изготвени записници за состојбата на дневниците	септември калсификациони периоди
РАБОТИЛНИЦИ ЗА ПРОФЕСОРИ	• Состаноци со Стручните активи • Испратен материјал за активни техники • Испратен материјал за изработка на тестови на знаење • Обука на тема „Мотивација на учениците“	Тековно Февруари
РАБОТИЛНИЦИ ЗА УЧЕНИЦИ	• Работилници за ментално здравје во рамки на задолжение од БРО • Безбедност во училиште, како и на интернет просторот (претсавување на почеток на септември и мотивурање за врснички работилници) • Состанок на претседателите на класовите • Состанок на Младинската организација и за изготвување акционен план (трибини, помош и подршка, промоција) • Организирање работилници за актуелни теми: - Заштита на менталнотро здравје на малдите - Мотивација за учење - Препознавање булинг и реагирање • Ефикасно учење за ученици од прва год. • Активно слушање-модел на групна работа • ,, Ice break,, игри за динамика • Бон -тон • Учество во изготвувањето на програмата за работа на училишната заедница УУЗ • Позитивен feed back • и апликација за вработување со IV	Септември – мај септември и тековно ноември септеври-октомври февруари март ноември тековно тековно декември февруари март тековно

	• Состаноци со учениците од класните заедници на годините	
Безбедност на учениците и грижа за менталното здравје	• На наставнички совет на почетокот на учебната година истакнати приоритети • Посета на сите паралелки со нагласување на заначењето на безбедноста (физичка и на интзернет просторот) – организирање работилници • Состанок во Град Скопје со претсавници од Секторо за образование и МВР за Тимовите за безбедност • Анкета за постоење на булинг во училиште	Почеток и тековно
ПОСЕТА НА ЧАСОВИ	Распред објавен според наставни предмети Во рамките на оваа активност се предвидува посета на часови според однапред определена цел : • Увид во работата на професорот Примена на техники на учење (проблемски приод, групна форма на работа , артикулација на час, планирање на час) • Увид во работата на учениците (активна партиципација , ангажирање при Problem solving приод и сл), • Решавање на проблеми на кои наидуваат, дисциплина на часовите, развивање на групна кохезија • Редовност во наставата (поединечно и колективно напуштање на наставата)	во текот на годината
ИНДИВИДУАЛНА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ КОИ ПОСЕБНО СЕ ИСТАКНУВААТ	• Адаптација • Напредување во учењето • Нередовност • Конфликт меѓу ученици • Надминување на семејните проблеми	во текот на годината
РАБОТА СО РОДИТЕЛИ	• Индивидуално по потреба • Одбор на родители за прва година • Совет на родители на училиштето	тековно
ИНДИВИДУАЛНА РАБОТА СО ПРОФЕСОРИ	• Работа со кл. раководители; изготвување и доставување на материјали и давање насоки за користење на истите	до 15.09.

	• Работа со колегите кои се подготвуваат за полагање на приправничкиот испит • Решавање на тековни проблеми	тековно
СОРАБОТКА СО НАДВОРЕШНИ СУБЈЕКТИ	• Пополнет прашалник за АСПИ како службено лице за информаии од јавен карактер • Координатор за заеднички часови МИО – Град Скопје • Координатор за организирање на вакцинација на учениците од четврта година	Септември Септември-мај февруари
УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ, СЕМИНАРИ, ПРОЕКТИ ВО И ВОН УЧИЛИШТЕТО	• Обука за кариерно советување за стручни соработници, од БРО , во В.А. Дрен •	Октомври
АНАЛИТИЧКО ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА	• Споредбена Анализа • Анализа на состојбата во паралелките за време на тромесечието • Споредбена анализа •	септември октомври ноември
Назначен за активности	• Координатор за изработка на Развојниот план 2026-2030 година • Координтор на МИО активности и заеднички часови • Член на Тимот за безбедност • Член на Тимот за инклузија • Службено лице за информации од јавен карактер	тековно

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ПСИХОЛОГ ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026

ПОДРАЧЈЕ	АКТИВНОСТИ	ДАТА
ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА	• Учество во изготвување на Годишна програма со фокус на заштита и интервенција на присутните во случај на непогоди • За сопствената работа, односно за работа на психолог, изготвување на	Јуни 2026

	тестови наменти за учениците од сите четири години во насока на утврдување на одредени состојби кои би можеле да влијаат на однесувањето и учењето	
СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ	• Спроведен прашалник за самоевалуација за област – Училишна клима за ученици, наставници и родители • Изготвена анализа на собраните податоци од спроведеното истражување за училишната клима • Реализирано истражување на тема „ Влијанието на училишната клима врз анксиозноста на учениците“ 100 испитаници	до од Март – Јуни мај
УВИД НА ПЕДАГОШКАТА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА	• Изготвување на записници од класни совети и совети на години • Потпис на записници од класни совети и родителски средби по класификациони периоди • Проверка на состојбата на е дневник • Изготвени записници за состојбата на дневниците • Изготвување записници за совет на паралелки • Член на комисија за избор на ученик на генерација	септември калсификациони периоди тековно мај- јуни
РАЗГОВОРИ СО ПРОФЕСОРИ	• Разговори со професори, формални и неформални во ситуации кога се констатира некаква потреба за интервенција • Писмени и усмени извештаи до директор и заменик директор за спроведените разговори	Тековно
	• Работилници за ментално здравје	Септември – мај

РАБОТИЛНИЦИ ЗА УЧЕНИЦИ	• Дискриминација, предрасуди и надминување на пречките за непречено одвивање на наставата во училница • Состанок на претседателите на класовите - Заштита на менталнотро здравје на малдите - Препознавање булинг и реагирање	септември и тековно октомври септеври-октомври февруари март тековно
Безбедност на учениците и грижа за менталното здравје	• Анкета, истражување и анализа на податоци за анксиозност и училишната клима	Април
ПОСЕТА НА ЧАСОВИ и одржување на работолници за ментално здравје	• Одржани 7 работилници	во текот на годината
ИНДИВИДУАЛНА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ КОИ ПОСЕБНО СЕ ИСТАКНУВААТ	• Адаптација • Напредување во учењето • Нередовност • Конфликт меѓу ученици • Надминување на семејните проблеми	во текот на годината
РАБОТА СО РОДИТЕЛИ	• Индивидуално по потреба • Советувања на родители во врска со намален успех на учениците	тековно Декември – април, мај, јуни
ИНДИВИДУАЛНА РАБОТА СО ПРОФЕСОРИ	• Работа со кл. раководители; психосоцијална поддршака на ученици, советувања, разговори при несоодветно однесување • Работа со колегите кои се соочуваат со одредени несогласувања со ученици и колеги • Решавање на тековни проблеми	до 15.09. тековно
СОРАБОТКА СО НАДВОРЕШНИ СУБЈЕКТИ	• Комуникација и организација на презентации од универзитети	1. декември - јуни

	• Организација и придружба на ученици на театарски претстави • Кариерно советување • Координатор за организација на предавање – Светски ден на бубрегот • Организација на предавање за последици од пушењето и Центар за јавно здравје и Институт за јавно здравје • Организација на посета од претставници од Зегин за понуда и соработка со ученици	2.Септември-мај 3. декември - мај 4. 13 март 5. Април 6. април - мај
УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ, СЕМИНАРИ, ПРОЕКТИ ВО И ВОН УЧИЛИШТЕТО	• Обука за етичност во наставата реализирана од училиштето • Учество на обука за безбедност во училиштето и ПП апарати	Септември - декември Декември МАЈ Мај

Извештај од работата на кариерен советник за учебната 2025-2026 година

Индер Дестани

Во текот на учебната 2025-2026 година, одржани се разни активности за кариерна ориентација со ученици од Средното медицинско училиште на град Скопје „Д-р Панче Караѓозов“. Овие активности со релевантните податоци се прикажани во табелата подолу. Активностите се одржаа со ученици од I - IV година, во сите насоки, со присуство над 50% кај сите активности и се одвиваа од декември 2025 до јуни 2026 година. Се реализираа 38 активности со 844 ученици.

Бр.	**Вид на активност**	**Тема на активноста**	**Цел на активноста**	**Број на учесници во активноста**	**Година Насока**	**Датум**	**Постигнати резултати** (квалитативни и квантитативни индикатори)	**Клучни засегнати страни** (одговорно лице и надворешни /внатрешни соработници)
1.	Работилница	Мотивација и кариера	Учениците треба да ја разберат важноста на мотивацијата за кариера	27 27 15	IV – 7 м.с. III – 7 м.с. III – 6 м.с.	12.2025 – 05.2026	Преку оваа работилница, учениците ја разбраа важноста на мотивацијата за кариера. Беше дискутирана вежба за лична	Кариерен советник

				25 19 25 26 30 16	IV – 3 ф.т. IV – 2 ФЗТ IV – 8 м.с. IV – 7 м.с. II – 7 м.с. IV – 3 з.т		мотивација, а потоа беше завршена со пополнување на круг со 8 празни места, каде што секоја празнина беше пополнета со личен мотив. Потоа беа отворени дискусиите. Учениците беа јасно ориентирани кон мотивот и кариерата.	
2.	Вежба	Знајте ги вашите вредности	Да ги утврдат вредностите што им се најважни, да ги запознаат подлабоко и да ги искористат во позитивна употреба.	15 31 27 18 28	II – 7 м.с. II – 3 з.т II – 8 м.с. III – 3 з.т I – 1 ГАК	04.2026	Учесниците утврдија 5 вредности што ги поседуваат и кои им се најважни. Во табелата имаше 24 вредности. Откако ги утврдија нивните најважни вредности, тие дискутираа како практично би можеле да ги применат во професијата што би ја избрале и колку се корисни овие вредности што ги поседуваат.	Кариерен советник
3.	тест за проценка	Лична соодветност за кариера во здравството	Самоевалуација	31 15 26 22 16	II – 3 з.т II – 7 м.с. II – 8 м.с. III – 1 ГАК III – 3 з.т IV 3 - з.т	03 – 05. 2026	Самооценувањето беше дефинирано на 5 нивоа за 10 прашања. По пополнувањето на овој тест, учениците дискутираа за самооценувањето .	Кариерен советник

				16 18 19 18 30	III – 7 м.с. III – 6 м.с. IV – 7 м.с. II – 7 м.с.			
4.	Формулар за евалуација	Медицинска кариерна ориентација	Погодност за медицинска кариера	20 24	III – 8 м.с. II – 3 ф.т.	06.2026	Соодветност во медицинска кариера со 5 области и подпрашања за водење на студентите.	Кариерен советник
5.	Работилница	Идеи за мојата иднина	„Идеи за мојата иднина“ беше работилница со студенти за подобро разбирање на врската помеѓу желбите и чекорите што треба да се преземат за да се остварат овие кариерни желби.	18 20	III – 3 ф.т. III – 8 м.с.	03.2026	На оваа работилница со студентите, тие разговараа за своите кариерни соништа. Беше завршена и вежба со чекорите што треба да се преземат за да се остварат нивните кариерни желби. Оваа работилница беше оценета како многу успешна од учениците.	Кариерен советник
6.	Прашалник	Улогата на средното училиште во подготовката за пазарот	Запознавање на студентите со улогата на средното медицинско училиште во	24 30	II – 3 ф.т. III – 1 ГАК	05.2026	Во оваа анкета, учениците ја оценија важноста на медицинско училиште за местото што сакаат да го заземат на пазарот на трудот. Анкетата беше	Кариерен советник

		на трудот	подготовката за пазарот на трудот				спроведена со 8 прашања, вклучувајќи и прашања од отворен тип, за да не се ограничат учениците во нивните мислења за оваа тема.	
7.	Вежба	Планирање на кариера	Планирањето на кариерата беше замислено како вежба составена од 4 прашања од отворен тип за да се охрабрат учениците да користат привлечни идеи при опишување ето на работата што би сакале да ја работат во иднина.	28 27 25 23 26 16 22 16	IV-6 м.с. III-7 м.с. IV-3 ф.т IV-8 м.с. IV-7 м.с. IV-3 з.т III – 1 ГАК III-3 з.т	02.2026	Како одговор на прашањата упатени до учениците, беа откриени желбите на студентите за нивната идна професија. Тие ги поврзаа желбите, емоциите, вештините потребни за оваа работа и вештините што ги поседува ученикот или вештините што ги развива за време на учење.	Кариерен советник

6.9. Извештаи од стручните активи

Извештај за работата на Актив на стоматолози и забни техничари

Стручниот актив на стоматолози и забни техничари во текот на учебната 2025/2026 година работеше согласно Годишната програма за работа на училиштето и Програмата за работа на Активот. Активот го сочинуваат наставниците по стручните стоматолошки предмети и практична настава: Жана Чингоска, Александра Милошевска, Андриана Андреева Остојиќ, Сашо Унчески, Валмира Морина Бакали, Ибраим Рамадани, Маја Филиповски, Петре Талески, Шабан Бериша, Мирјана Цветкоска, Весна Игњатовиќ и Берат Бајрами.

I. Реализација на програмските активности

Во текот на учебната година Активот редовно ги одржуваше планираните состаноци, на кои се разгледуваа прашања поврзани со организацијата и реализацијата на наставниот процес, распределбата на часовите, реализацијата на модуларните наставни програми, усогласувањето на критериумите за оценување, примената на современи наставни методи и дигитални алатки, како и унапредувањето на квалитетот на практичната настава.

Наставните планови и програми беа реализирани во целост согласно предвидената динамика. Дополнителната, додатната и консултативната настава континуирано се реализираше според потребите на учениците, со цел подобро совладување на наставните содржини, подготовка за проверките на знаењата и подобрување на успехот.

Особено внимание беше посветено на подготовката на учениците од завршните години за изработка и успешна одбрана на проектните задачи, како и за полагање на матурските испити. Наставниците од Активот учествуваа во подготовката на интерните матурски тестови, усогласувањето на испитниот материјал и организацијата на завршните активности.

Во текот на учебната година наставниците редовно комуницираа со учениците и нивните родители, следејќи го успехот, редовноста и дисциплината на учениците. По потреба беа реализирани индивидуални разговори и консултации со учениците и родителите со цел навремено надминување на потешкотиите во наставниот процес.

Наставниците од Активот активно учествуваа на стручни обуки, семинари и работилници организирани од Бирото за развој на образованието и други институции. Стекнатите знаења беа споделувани преку интерни дисеминации, со што се придонесе кон континуирано подобрување на квалитетот на наставата.

Во текот на целата учебна година членовите на Активот покажаа високо ниво на професионална соработка, заемна поддршка и координација, што придонесе за успешно реализирање на сите планирани активности.

II. Учество во проекти, обуки, натпревари и меѓународна соработка

И во текот на оваа учебна година Стручниот актив посвети значително внимание на меѓународната соработка и интернационализацијата на училиштето преку активностите во рамките на програмата **Еразмус+**.

Нашето училиште во два наврати беше домаќин на ученици и наставници од партнерското училиште **Curt Nicolin Gymnasiet** од Финспанг, Кралството Шведска. За време на посетите беа реализирани заеднички стручни работилници, презентации, практична настава и посети на современи заботехнички лаборатории и здравствени установи. Учениците имаа можност непосредно да разменат знаења, искуства и добри практики од областа на современата дентална технологија, а наставниците разменија искуства во однос на организацијата на стручното образование и практичната настава. Овие активности дополнително ја зацврстија долгогодишната соработка помеѓу двете училишта.

Во рамките на програмата **Еразмус+**, нашето училиште успешно реализираше практична обука за ученици од Медицинската школа од Крагуевац, Република Србија. Практичната

работа се реализираше во здравствени установи и приватни заботехнички лаборатории во Скопје, каде учениците имаа можност да се запознаат со организацијата на здравствениот систем, современите технологии и начинот на работа во нашите институции. Покрај стручниот дел, беа организирани и културно-образовни активности, со што дополнително се зајакна меѓународната соработка и размената на искуства.

Во текот на учебната година учениците од отсекот учествуваа во повеќе училишни активности, презентации и стручни проекти, како и во еколошки акции за уредување на училишната средина. Преку овие активности се поттикнуваше тимската работа, креативноста, професионалната одговорност и практичната примена на стекнатите знаења.

Учениците од отсекот активно учествуваа и на натпреварите во организација на МАССУМ, при што достојно го претставија училиштето и стекнаа нови искуства преку дружење и соработка со ученици од другите средни стручни училишта.

Особено значајна активност во текот на учебната година беше подготовката и поднесувањето на две нови апликации во рамките на програмата **Еразмус+** – **КА122** и **КА220**. Со овие проекти се предвидува понатамошно унапредување на квалитетот на стручното образование, развој на дигиталните компетенции, модернизација на практичната настава и проширување на меѓународната соработка со партнерски училишта и институции од Европа. Во моментот се очекуваат резултатите од евалуацијата на проектните апликации и нивното евентуално одобрување.

Покрај меѓународните активности, наставниците од Активот континуирано работеа на подготовка на наставни материјали, усогласување на наставните содржини, подобрување на практичната настава и развивање на компетенциите на учениците согласно современите барања на стоматолошката професија.

Заклучок

Стручниот актив на стоматолози и забни техничари успешно ја реализираше Програмата за работа за учебната 2025/2026 година. Планираните активности беа реализирани во целост, а наставниот процес се одвиваше квалитетно, организирано и согласно наставните планови и програми.

Континуираното стручно усовршување на наставниците, високото ниво на меѓусебна соработка, активното учество во меѓународни проекти и успешната реализација на практичната настава придонесоа за унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес и развојот на стручните компетенции на учениците.

Активот и во наредната учебна година ќе продолжи да работи на модернизација на наставата, јакнење на практичната обука, развој на меѓународната соработка и создавање нови можности за професионален развој на наставниците и учениците преку учество во европски образовни програми и проекти.

Записничар и претседател на Активот

Маја Филиповски

Извештај за работата на Стручниот актив на фармацевтите
во учебната 2025/26

Стручниот актив на фармацевтите при СМУГС "Д-р Панче Караѓозов" во учебната 2025/26 година го сочинуваа дипломираните фармацевти: Диневска Анита, Динева Василка, Јаковчевска Јасмина, Димитровска Сања, Арбенеша Јахиу и Флореша Села и Фармацевтски лабораториски техничар – Наумоска Савица.

Во текот на учебната година Стручниот актив на фармацевтите функционираше преку постојани неформални средби, како и со одржување на формални состаноци. Редовните консултации, сугестиите и размената на искуства помеѓу колегите, придонесоа за квалитетна теоретска и практична настава. Особено беа корисни усогласените критериуми за оценување и корелацијата на наставните содржини со посебен акцент на корелација помеѓу теоретската и практичната настава. Колегите взаемно соработуваа и при изготвување на тестови за оценување на знаењата на учениците.

Оваа учебна година во отсекот е петата генерација на парцијално дуална паралелка за учениците од четврта година - фармацевтски техничар во фармацевтска индустрија во соработка со Алкалоид, МОН и Центарот за средно стручно обрзование. Наставниот предмет учење преку работа кај работодавец за оваа паралелка во текот на целата учебна година се обавува во Алкалоид во секторите контрола на лекови, истражување и развиј и производство,тренинг лабораторијата во Лафома, каде учениците имаа ментори од компанијата и професорките Василка Динева и Јасмина Јаковчевска одговорни за учениците од четврта година.

- Стручниот актив, односно сите членови

- изготвува прашања за интерниот дел од државна матура.

- беа ментори на ученици од IV година за подготовка на проектни задачи, како дел од државната матура.

- беа во комисии на одбрана на проектни задачи за државна матура

- За представување на училиштето на МАСУМ Јасмина Јаковчевска беше представник од отсекот задолжена за штандот за отсекот фармацевтски техничар, со освоено II место за најдобар штанд

- Василка Динева и Анита Диневска беа представници од активот на презентација на ПЗУ Зегин со ученици од трета година

- Василка Динева, Јасмина Јаковчевска беа представници од активот на презентација на Алкалоид со ученици од втора и четврта година
- Василка Динева со учениците од четврта година беа во веледрогеријата Еурофарм

- Василка Динева и Анита Диневска беа на отворен ден за прзентација на училиштето
- Анита Диневска беше ментор на 62-ри Државен натпревар за млади истражувачи на Република Северна Македонија, „НАУКА НА МЛАДИ“ каде што ученичката Мила Тодевска освои прво во место во област Екологија и Марија Будимова трето место во областа Фармација.

- Василка Динева и Јасмина Јаковчевска, беа на отворен настан за родителите и за учениците од парцијално дуална паралелка во Алкалоид, За време на настанот родителите имаа можност да се запознаат и со кариерните можности што ги нуди компанијата на нивните деца, како и со можностите за развој во нивната натамошна кариера во рамките на „Алкалоид“ АД Скопје.

- Сите членови на активот беа на следните обуки – Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава и Поттикнување одржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобалните еколошки предизвици

- Анита Диневска конкурираше на конкурс за наставник ментор и се здоби со истото.

Стручниот актив на фармацевтите успешно соработуваше и со другите стручни активи од нашето училиште.

- Успешна соработка Стручниот актив на фармацевтите имаше со здравствени установи, фармацевтски компании- особено Алкалоид, аптеки и други институции во кои учениците ја обавуваат професионалната пракса во рамките на практичната настава во текот на годината.

Стручниот актив на фармацевтите соработуваше со ученците и со родителите, а имаше и дополнителна настава за учениците со слаби резултати, со што им се помогна да ја совладаат наставната материја, како и додатна настава со талентираните ученици.

При евалуација на работата на Стручниот актив на фармацевтите за оваа година, може да се забележи дека овој Актив континуирано го унапредуваше воспитно-образовниот процес во нашето училиште. Сепак, дел од планираните активности не беа реализирани (посети на некои установи или институции), па се очекува некои од нив да имаат приоритет во следната учебна година.

Претседател на актив фармацевти
Динева Василка

ИЗВЕШТАЈ за работата на Активот на лекари при СМУГС Д-р Панче Караѓозов,
за учебната 2025/2026 година

Активот на лекари, при СМУГС Д-р Панче Караѓозов, во учебната 2025/26 година ги оствари следниве активности според предвидениот акциски план:

- Изработка на годишни, модуларни и дневни подготовки за настава, според наставните програми по стручни предмети (со планирање на еко стандарди, критериуми за оценување по модуларни единици, примена на ИКТ во наставата и МИО);
- Изработка на планови за дополнителна и додатна настава, според потребите на учениците;
- Изработка на професионално досие за сите наставници од активот (индивидуална активност);
- Спроведување на активностите предвидени со плановите и програмите за редовна, додатна и дополнителна настава;
- Водење на документација и евиденција;
- Водење на електронски дневник;
- Организирање и водење на практична настава и феријална пракса;
- Соработување со здравствени установи и организации (деловни партнери и соработници);
- Соработување со родителите и стартелите на учениците, преку одржување на родителски средби и состаноци;
- Соработување со Младинската организација и учениците, за подобрување на училишната клима и постигнувањата на учениците;
- Менторирање на наставници-приправници;
- Менторирање на матуранти за проектни задачи;
- Подготвување на прашања и тестови за интерен дел од Државна стручна матура
- и Училишна матура;
- Консултирање со редовни и вонредни ученици за актуелни теми, настани и испити;
- Одржување на испити за вонредни ученици ;

- Организирање и спроведување на матурски испити (бранење на проектни задачи, прегледување и оценување на тестови од интерен дел на Државната и Училишната матура);

- Ангажирање на наставници од активот како тестатори, изготвувачи на прашања и оценувачи на тестовите за екстерен и интерен дел од Државната и Училишната матура;

- Ангажирање на наставници од активот пописни комисии;

- Ангажирање на наставници од активот во комисии за елсктонско запишување и прием на документи во прва година за учебна 2023/24 година;

- Одржување на дополнителна настава за ученици упатени на поправен испит и или испит на годината;

- Одржување на поправни испити и испити на годината;

- Спроведување на воннаставни активности:

  - Посета на здравствени установи и институции (Институт за хистологија и ембриологија и Институт за медицинска физиологија и антропологија, во склоп на додатната насатва по предметот Анатомија и физиологија за прва година, посета на ученици организирана од проф.Емилија Милошевска и проф. Билјана Ефремова);
  - Учествување на МАССУМ во Богданци на проф. Емилија Милошевска како ментор и подршка на учениците, што овозможува афирмација на поединецот и училиштето;
  - Учество во Ерасмус + во ноември од страна на проф.Вера Бутиковска;
  - Рецензирање на учебници по стручни предмети (рецензија од проф. Маја Мрмова Шкартова на учебник Оптика за трета и четврта година оптичари, проф. Вера Бутиковска како член на рецензетска комисија за учебник Оптички инструменти за втора година и за учебник за предметот Диетотерапија кај око-изборен, за трета година за профилот техничар за очна оптика за средно стручно четиригодишно образование);
  - Организација и учество во одбележување на Патронатот на училиштетот, 7ми април со презентација „Вселената за здравството“ (проф. Емилија Милошевска);
  - Учество со ученици на одбележување на „Глобален ден на изборите“ во февруари 2026 година (проф.Виолета Кузмановиќ);
  - Организација и учество на „Отворен ден“ на училиштето со цел запознавање и промовирање на профилот физиотерапевтски техничар (проф. Марија Блашкоска) и на профилот медицински лабораториски санитарен техничар (проф. Јани Георгиев);

- Учество во обуки:

- „Поттикнување одржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобални еколошки предизвици“ во септември 2025 година;
- Brainster во кординација со средните училишта одржани во октомври 2025 година;
- „Мотивацијата како фактор за успех во воспитно-образовниот процес со елемснти на емоционалната интелигенција (емпатија, активно слушање и слично)“ во октомври 2025 година;
- Еду вебинар „Законски обврски и стратегии за справување со насилство и ученичко учество“ во декември;
- „Подобрување на пристапот до здравствена заштита за лицата со аутизам“
- Обука за тестатори на Државна стручна и Државна гимназиска матура организирана од ДИЦ а одржана во јуни 2026 година.

– Давање сугестии и забелешки за подготовка на акционен план за работа за учебната 2026/2027 година.

– Галерија на фотографии од активностите







Скопје: Претседател на Активот на лекари:
19.06.2026 год. Д-р Билјана Ефремова

Реализација на програмата на актив медицински сестри за 2025/2026

- 21.11.2025
  Крводарителска акција во соработка со црвен крст, СМУГС Др Панче Караѓозов и Институт за Трансфузиологија:
  Нина Кнаггс и Азра Кавазовиќ
- 27.11.2025
  Посета на дом за стари лица “Мајка Тереза”:
  Нина Кнаггс и Азра Кавазовиќ
  28.11.2025
  Меѓуврсничка едукација на тема: “ Сексуално преносливи болести и Светски ден на борба против СИДА
  Нина Кнаггс, Азра Кавазовиќ и Наташа Поповска
- 25.12.2025
  Хуманитарна акција на ЈЗУ У Клиника за детски болести, по повод Нова Година и делење на пакетчиња изработени од ученици од нашето училиште
  Сунчица Ивановска, Мелиха Умер
- 05.04.2026
  Прва конференцијана сестринството организирана од здружението “За Нас”
  Нина Кнаггс, Азра Кавазовиќ и Наташа Поповска
- 11.05.2026
  Ден на сестринството ЗМСТАМ, Велес
  Азра Кавазовиќ и Наташа Поповска
- 13-15. 05. 2026
  Обука за унапредување на менталното здравје одржана од Прва Детска Амбасада Меѓаши, Струмица
  Мирадија Фејзулаху
- 23.05.2026
  Кариерен развој на медицински сестри и акушерки: Можност и предизвици кај нас и во светот
  Мирадије Фејзулаху
- Учество во организирана еколошка акција за одржуање на училишниот двор заедно со останатите колеги од училиштето

Извештај за работата на Активот на општествена група предмети во учебната 2025/2026 година

Активот на општествена група предмети во учебната 2025/2026 година ги реализираше следниве активности според предвидената програма:

За сите предмети

- Изработка на годишни, тематски и дневни подготовки за настава, според наставните програми по предметите: историја, музичка култура, ликовна уметност, граѓанско образование и психологија
- Изработка на планови за дополнителна и додатна настава
- Спроведување на активностите предвидени со плановите и програмите за редовна, додатна и дополнителна настава
- Водење на педагошка документација и евиденција
- Водење на електронски дневник
- Менторирање на матуранти за проектни задачи
- Одржување на редовни консултации со редовни и вонредни ученици за актуелни теми, настани и испити
- Одржување на испити за вонредни ученици
- Организирање и спроведување на матурски испити (бранење на проектни задачи, прегледување и оценување на тестови од интерен дел на државната и училишната матура)
- Соработување со родителите и старателите на учениците, преку одржување на родителски средби и состаноци
- Присуство на обуки организирани од страна на училиштето согласно Годишниот план на училиштето

Предмет: Музичка култура
Професор: Лидија Пшенко

Активност	Место	Дата
Традиционално сме дел од хуманитарната трка која ја организира невладината организација за поддршка на лицата заболени од Вилсон. По 10 пат и годинава цел на настанот е да дадеме поддршка на лицата со ретки болести. Одговорни наставници Лидија Пшенко и Биљана Стефановска, Учесници беа поголема група на ученици а дел од нив освоија високи места. 	Градски парк	12.10.2025

<table>
<tr><td>Повеќечасовни АУДИЦИИ за избор на таленти во пеење, свирење, класичен и модерен танц, хип хоп, народни танци.....</td><td>СМУГС „ Д-р Панче Караѓозов“
-Свечена сала</td><td>октомври до декември 2025</td></tr>
<tr><td>По повод Новогодишните празници во период од 10.12 до 30.12.2024, традиционално во училиштето се реализираат активности со хуманитарни цели. Собраните средства беа наменети за новогодишни пакетчиња.</td><td>СМУГС „ Д-р Панче Караѓозов“
-Свечена сала</td><td>Декември 2025</td></tr>
<tr><td>СПИСОК НА УЧЕНИЦИ за Новогодишна прослава (Осветлување на елката на плоштад 15.12.2025 од 18ч)ХОР македонски паралелки
<table>
<tr><th></th><th>Презиме и име</th><th>клас-моб</th></tr>
<tr><td>1.</td><td>Сара Ќаева</td><td>I2з.т</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Лора Митрева</td><td>I2з.т</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Стефанија Милошеска</td><td>I1з.т</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Марија Илиевска</td><td>IV5 м.с</td></tr>
<tr><td>5.</td><td>Сара Ристовска</td><td>I1млст</td></tr>
<tr><td>6.</td><td>Ангела Перчинковска</td><td>I4 м.с</td></tr>
<tr><td>7.</td><td>Јана Брњарчевска</td><td>I4 м.с</td></tr>
<tr><td>8.</td><td>Мила Василевска</td><td>I1фзт</td></tr>
<tr><td>9.</td><td>Марија Блажевска</td><td>I1фзт</td></tr>
<tr><td>10.</td><td>Луција Милошова</td><td>I1 фзт</td></tr>
<tr><td>11.</td><td>Ангела Станковска</td><td>I1 м.с</td></tr>
<tr><td>12.</td><td>Јасемин Јајовска</td><td>I 3 м.с</td></tr>
<tr><td>13.</td><td>Љупка Анакиевска</td><td>I 3 мс</td></tr>
<tr><td>14.</td><td>Вања Кузмановска</td><td>I 3 м.с</td></tr>
<tr><td>15.</td><td>Теона Ѓорѓиевска</td><td>I2 млст</td></tr>
<tr><td>16.</td><td>Теодора Јовановска</td><td>I1 м.с</td></tr>
<tr><td>17.</td><td>Јана Урдаревиќ</td><td>I 2флт</td></tr>
<tr><td>18.</td><td>Ања Пиштолова</td><td>I 2флт</td></tr>
<tr><td>19.</td><td>Ангела Ивковска</td><td>IV 4 м.с</td></tr>
</table></td><td>Плоштад Македонија

Плоштад Македонија</td><td>Повеќе часовна активност 15.12.2025

24.12.2025г</td></tr>
</table>

				
	Солисти/ бендови - Теона Пачемска "Не си го продавај Кољо чифликот" инструменталка на гитара - Христијан Аризанковски " Твојте очи Лено мори" - " Мори чупи костурчанки" " Моме оди за вода" со придружба на тамбура - Анастасија Аракси Саркисиан - ,, Darniere danse" со матрица	Песна		
Пречек на гости од Шведска, со учество на ученици од играорниот блок. Прослава по повод Патрониот празник на училиштето и Денот на здравјето со учество на талентирани ученици; Ангела, Анастасија..... Состаноци, средби,по повод одбележување 80 години од СМУГС „ Д-р Панче Караѓозов“			СМУГС „ Д-р Панче Караѓозов“ -Свечена сала СМУГС „ Д-р Панче Караѓозов“ -Свечена сала	23.03.2026 7.04 2026 Од март до јуни 2026
Учество на **МАССУМ** Бендот во состав АНГЕЛА ИВКОВСКА - клавијатура и вокал и АНАСТАСИЈА ЈАНКУЛОСКА - вокал „ Признавам“ - Маријана и Росана „ Easy on me“ - Adele			Плоштад - Богданци	23.04.2026
Учество на Бендот во состав АНГЕЛА ИВКОВСКА - клавијатура и вокал и АНАСТАСИЈА ЈАНКУЛОСКА - вокал „ Признавам“ - Маријана и Росана „ Easy on me“ - Adele и освоено **I место со 96 поени** на Регионален натпревар за средно образование во категорија вокални солисти, бендови и			Онлајн - снимка прегледана од стручно жири	Мај 2026

камерни состави. Во организација на Здружението на музичките педагози на Р.Македонија - Учество на ученичката МИХАЕЛА ЈОВАНОВСКА и освоено **I место со 94 поени** на Регионален натпревар за средно образование во категорија вокални солисти  	Онлајн - снимка прегледана од стручно жири	Мај 2026
Учество на Бендот во состав АНГЕЛА ИВКОВСКА - клавијатура и вокал и АНАСТАСИЈА ЈАНКУЛОСКА - вокал „ Признавам“ - Маријана и Росана „ Easy on me“ - Adele и освоено **I место со 97,3 поени** на Државениот натпревар во Штип за средно образование во категорија вокални солисти, бендови и камерни состави. Во организација на Здружението на музичките педагози на Р.Македонија  	Штип - во близина на Дом на Култура „Fools and Horses“	14.05.2026

Резултати МАССУМ 23- 24.04.2026 Богданци

Традицијата продолжува со учество на ученици и ментори од СМУГС „ Д-р Панче Караѓозов“ - Скопје. Честит на Образовното Рандеву во Богданци.

Следува листата на наградени

1. Социјален бизнис модел - албански јазик I место
Arlinda Cakolli, Arta Ramadani, Emine Sejfuli, Erda Halim
Ментор; Mervan Bakiu
2.Интервју за работа - англиски јазик II место
Yillka Ali
Ментор; Shpresa Ismaili
3.Бенд II место
Ангела Ивковска синтисајзер, вокал и
Анастасија Јанкулоска - вокал
Ментор; Лидија Пшенко
4. Интервју за работа- албански јазик III место
Trim Emini
Ментор; Shpresa Ismaili
5. Соло изведувач III место
Eliza Mamuti - соло
Agnesa Neziri - гитара придружба
Ментор; Jesir Hoxha
6. Штанд - III место
Стефанија Цуциќ, Елеонора Јованов, Ѓорѓија Попоски. Бојан Каралијоски, Aziz Ali, Xhemail Veseli. Vaide Baki. Dua Shabani
Ментори; Јасмина Јаковчевска, Весна Игњатовиќ, Neshe Salih и Емилија Бошковска Живадиновиќ
7. Драма - III место
Sumeja Azemi, Mesud Kadri, Menduh Asani, Butrint Miftari, Aqif Halim, Shadije Abazi,Ron Izairi, Hana Asani, Agnesa Selimi, Zubejda Jusufi.
Ментор; Shpresa Ismaili

Извештајот е подготвен од Лидија Пшенко професор по музичка култура и координатор на МАССУМ за училиштето.

Предмет: Ликовна уметност
Професор: Катарина Ристовска

Во текот на оваа учебна 2025/26 година, планот и програмата беа реализирани во целост како и реализацијата на наставните часови, Наставните содржини се реализирани, во најголем процент преку ликовно-творечка работа на учениците, и со вклучување на стратегии во наставниот процес, чии резултати се приложени во дневните подготовки за наставните содржини.
Во месец февруари 2026 година со ученички ликовни творби се учествуваше на ликовниот конкурс на тема: “Навистинс ли е зелено“ во организација на МОН и БРО.
Во месец февруари 2026 година со ученички ликовни творби се учествуваше на републичкиот ликовен конкурс на XVII Младински пролетен салон на тема: “Пејсаж“ во организација на Националната галерија на Македонија – Мала станица. На 24.04.2026 година беше организирана изложба по повод конкурсот и на ученичката Таневска Стефанија од 1зт и беше врачена награда за освоено 2 место.

Во текот на учебната година во соработка со учениците, беа континуирано изложувани ученички ликовни творби во училниците.
Во наставата се реализирани и планираните часови од ЕКО проектот.
Во текот на учебната година соработката со другите предметни наставници и класните раководители се одвиваше континуирано, со цел да се подобри квалитетот на наставата како и да им се помогне на учениците подобро да ги совладаат наставните содржини и проблемите со кои се соочуваа во текот на наставата при реализирање и решавање на ликовните проблеми.

Предмет: Историја
Професор: Валентина Стаменковиќ

1.	Учество во Обука и обучувач Улогата на војникот во војна	SENSE CTP – Центар за транзициска правда од Пула и хрватската асоцијација на наставници по Историја (HUNP)		12 -14 09 2025	Пула	Покана на м
2.	Учество во обука	Мировна акција и АНИМ		10-12 10 2025	Прилеп	
3.	Учество во обука	Мировна акција и АНИМ		12-14. 12 2025	Струга	
4.	Учество во обука	Мировна акција и АНИМ		13-15. 02 2026	Битола	Учество во обука
5.	Учество во обука	Мировна акција и АНИМ		17 до 19 04 2026	Прилеп	Учество во обука
6.	Воннаставни активности	Мировна акција и АНИМ		22 и 25 04 2026	Скопје	Организатор реализатор

Еднодневна есенска екскурзија со учениците од II 4 мс ,II 5 мс, II 1 зт, II 2зт и III 1 зт и нивните класни раководители беше посетен локалитетот Тимба Маџари.
Организатор и реализатор на тридневна наставно научна екскурзија за учениците од втора година на релација Скопје-Прилеп-Битола-Охрид-Скопје со посета на археолошки локалитети и Музеи .

Воннаставни активмости -Изградба на мир Вили Брант Извинување за холокаустот

Активноста се реализираше во и надвор од училиштето.

Првата активност

Активноста беше поврзана со поклонувањето на германскиот канцелар Вили Брант пред Варшавското гето
Активноста беше реализирана во училница во ДСМУ „ Др Панче Караѓозов“ Скопје на 22.04.2026 г.
На часот беа присутни 34 ученика од II 4 медицински сестри и предметниот наставник.
Целите на часот беа учениците да се запознаат со примерите на помирување и да го разберат нивното значење, да развиваат чуство на емпатија и почит кон жртвите на историските неправди, да анализираат зошто овој чин се смета за важен момент во европската политика на помирување.

Втората активност Посета на спомен куќата на Мајка Тереза

Заедно со учениците пристигнавме пред Спомен куќата на Мајка Тереза каде дискутиравме дали знаат зошто Мајка Тереза е добитник на Нобелова награда за мир. Активноста беше реализирана на 25. 04. 2026 год. Во активностите учествуваа 14 ученика од II 4 медицински сестри и 15 ученика од II 1 забни техничари заедно со нивните класни раководители и предметниот наставник Валентина Стаменковиќ која воедно ја организираше активноста.

Трета активност
По разгледот седнавме во анфитеатарот во близина и дискутиравме за сличностите и разликите помеѓу политичкото на Вили Брант и хуманитарното на Мајка Тереза делување за изградба на мир.

Четврта активност
Учениците беа поделени во групи и добија задачи да работат на примери на помирување или спречување на конфликти. По презентацијата како завршна активност требаше да објаснат дали тие како ученици, клас се извиниле и за што и дали треба да се извиниме за одредени постапки.

Предмет: Граѓанско образование
Професор: Никола Стојаноски

Активност	Цели	Време на реализација	Носител на активноста
Обука за примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана наставата	ОЗ и БРО	Август	Никола Стојаноски
Обука за поттикнување на одржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобалните еколошки предизвици	ЦЕС и БРО	Септември	Никола Стојаноски
Активности поврзани со билети од ЈСП за учениците	Ажурирање на базата со податоци	Септември - јуни	Никола Стојаноски

Изработка на нов правилник за Ученички совет	Усогласување со новиот закон за средно образование	Декември	Никола Стојаноски
Посета на Собрание на РСМ	Запознавање со Законодавниот дом	Декември	Никола Стојаноски
Избор на ученички правобранител	Организирање на состанокот со цел избор на правобранител	Февруари	Никола Стојаноски
Аудиција за танци	Во соработка со професорката по музичка култура Лидија Пшенко се одржа аудиција за талентирани ученици кои ќе настапат на настан по повод патрониот празник	Март	Никола Стојаноски
Состанок за основање на Дебатен клуб	Подготовки за следната година	Мај	Никола Стојаноски
Активности со Ученичкиот совет		Септември – мај	Никола Стојаноски
Активности со Училишна матурска комисија	Подготовки за матура	Јуни	Никола Стојаноски

Во оваа учебна година беа реализирани две еднодневник екскурзии, Првата беше од спортско-рекреативен карактер и се реализираше во Градскиот парк, додека втората беше од научен карактер и се одржа во Старата скопска чаршија.

Предмет: Психологија
Професор: Анета Ѓорчевска

Проекти и трибини со актуелни наслови значајни за подигнување на свеста кај учениците
· Болести на зависностите –Алкохолизам
· Наркоманија
· Трговија со луѓе
· Психопати и социопати
· Интернет звисност и сајбер булинг
· Форми на неприлагодено и девијантно однесување кај адолесценти

Предмет: Историја
Професор: Владимир Врготеров

Во текот на учебната година 2025/26 го предавав предметот Историја на класовите 1-3, 1-4, 1-5 медицински сестри; 1-2 фармацевтски

лабораториски техничари и 1-1 физиотерапевтски техничари.
Предвидената наставна програма по предметот Историја се реализираше успешно во сите класови и сите ученици се оценети со позитивна оценка. Реализирана е и додатната и дополнителната настава прописно со утврдената годишна програма.

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИТЕ ПРЕДМЕТИ ВО УЧЕБНАТА 2025/26 ГОДИНА

1.	Учество во програма за воннаставни актовности по предметот историја во рамките на интегрирано образование	Мировна акција Прилеп и АНИМ Скопје	42	Април јули декември	Прилеп Скопје	Сертификат
2.	Дигитална технологоија со фокус на ученици од маргинализирани групи	Министерство за образование	5	15. 08 -31 10. 2025год.	Скопје	Сертификат
3.	Дигитална технологоија со фокус на ученици од маргинализирани групи	Министерство за образование	5	15. 08.-31 10 2025 год.	Скопје	Сертификат
4.	Учество на семинар предлог теми за понатамошна соработка	Мировна акција Прилеп и АНИМ Скопје	16	Од 4 до 6 0ктомври 2025 год.	Круше во	Сертификат
5.	Учество на вебинар на тема Влијанието на пропагандата и положбата на војниците во војните во бивша Југославија	SENSE CTP – Центар за транзициска правда од Пула и хрватската асоцијација на наставници по Историја (HUNP)	3	30.11.2025	Он лајн	Покана на меил за учество

Активот на природно-математичките предмети го сочинуваат следниве подактиви:

- Подактив по биологија
- Подактив по хемија
- Подактив по физика
- Подактив по математика
- Подактив по информатика

Во учебната 2025/26 година активот ги реализираше следниве активности:

месец	*активност*	*реализатори*
09	• Меѓусебни консултации за успешна реализација на наставата • Организација на работилници со ученици од различна националност и мешани генерации, (II, III, IV години) по повод Денот на мирот • Учество на Парада на Мирот	• Сите подактиви • Елизабета Сарафимова • ученици • Биљана Стефановска • ученици
09 - 11	• GOPA тренинзи	• Сите подактиви
10	• Учество на „ПОДАЈ РАКА 2024 - Хумантитарна трка за лицата со Вилсон“ • Учество на камп за учење на ОБСЕ „UNITED4CHANGE“ во Охрид • Учество на 60-от Државен натпревар на млади истражувачи- „Наука на младите“ во Пехчево	• Биљана Стефановска • ученици • Биљана Стефановска • ученици • Емилија Бошковска – Живадиновиќ • ученик Андреј Божиновски
11	• Семинари во организација на БРО - Подготовка за ПИСА тестирање	• Емилија Бошковска - Живадиновиќ • Биљана Стефановска

12	• Консултации со ученици за поуспешна изработка на проектните задачи • Учество на Хемиски спектакл – ПМФ, Институт за хемија • Организација на предновогодишна забава од хуманитарен карактер • Активности по повод проектот со хуманитарна цел „Насмевки за сечие лице“ ✓ Изработка на новогодишни честитки ✓ Симболична продажба на истите ✓ Купување новогодишни пакетчиња ✓ Посета и делење новогодишни пакетчиња	• Сите подактиви • Неше Салих • ученици од I, II и III година • Биљана Стефановска • ученици • Биљана Стефановска • ученици
01	• Разгледување на успехот и постигањата на учениците во првото полугодие • Учество на хуманитарен базар од сите средни училишта во Скопје на плоштад Македонија, „Заедно за Ана“	• Сите подактиви • Биљана Стефановска • ученици
02	• Учество на интерна обука на тема "Мотивација на учениците" одржана од страна на педагог Валентина Дамчевска • Работилница - Врсничка едукација за безбедно користење на дигиталните платформи • Учество на настан „Иднината на наставата: Претприемништво, филантропија и дигитални алатки“	• Емилија Бошковска-Живадиновиќ • Елена Јакимовска Барџовска • Сузана Тасевска • Емилија Бошковска-Живадиновиќ • ученик Андреј Божиновски • Емилија Бошковска-Живадиновиќ
02 - 05		

	• Реализација на активности во рамките на проект „Фонд за климатска акција на млади“ поддржан и финансиран од Град Скопје
	
	• Учество на општински, регионални и државни натпревари организирани од
	  ○ Македонско биолошко друштво
	  ○ Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија
		• Нада Пецуровска
		• ученици
		
		• Виолета Јовевска
		• Елизабета Сарафимова
		• Мервон Бакиу
		• Сузана Тасевска
		• Ели Спиркоска Данева
		• ученици

03	• Учество на работилница по повод Светскиот ден на водата во организација на Технолошко-металуршки факултет	• Неше Салих • ученици
04	• Разгледување на успехот и постигањата на учениците во третото тромесечие • Учество на МАССУМ (24 - 25.04.2025 Кавадарци) • Учество на Интернационален научен собир со гости-предавачи од Оксфорд, Обединетото Кралство во организација на МИТ Универзитет	• Сите подактиви • Емилија Бошковска-Живадиновиќ • Мервон Бакиу • ученици • Емилија Бошковска-Живадиновиќ • Нада Пецуровска • Виолета Јовевска • Елизабета Сарафимова • Неше Салих
05	• Учество на 61 Државен натпревар на млади истражувачи од Македонија-НАУКА НА МЛАДИ	• Даниела Стојановска Пановска • Емилија Бошковска-Живадиновиќ • Виолета Јовевска

		• ученици
06	• Разгледување на успехот и постигањата на учениците на крајот на наставната година • Учество на MOS и ACA натпревари (проект на Certiadria и Град Скопје) • Предлог активности за креирање на план за работа за учебната 2026-2027 • Реализација на државна матура	• Сите подактиви • Емилија Бошковска-Живадиновиќ • ученици • Сите подактиви • Сите подактиви
08	• Изработка на план за работа за учебната 2026-2027 година	• Сите подактиви

Претседател на Актив на природно-математички предмети
Емилија Бошковска-Живадиновиќ

Извештај за работата на Активот на мајчин јазик во учебната 2025/2026година

Во текот на учебната 2025/26 година, Активот на мајчин јазик ги одржа состаноците предвидени со Годишната програма. На секој од состаноците на Активот, се дискутираше според претходно поставен дневен ред најчесто од информативен карактер.
На состаноците на активот е дискутирано и за планираните активности со годишната програма за активот:

- Искуства од модуларните програми
- Содржината на наставниот материјал во сите четири години според понудените наставни програми
- Организирање на воннаставните активности за нивно реализирање
- Одбележување на месецот на книгата (посета на книжарници или организирање на литературно читање во нашиот центар со покана на омилен писател)
- Посета на театарска претстава (интерпретација по улоги)
- Учество на натпревари, конкурси
- Соработка со предметните наставници
- Следење на културни настани
- Подготвување на приредби

- Посета на семинари
- Посета на Саем на книгата
- Посета на часови на колегите за размена на искуства
- Соработка со другите активи
- Подготовка за матура и завршен испит
- Список на лектири и заложба за збогатување на библиотека во нашето училиште
- Изработена е и усвоена годишната програма за учебната 2024/2025 година која ќе биде поднесена до стручните служби и според која ќе почне да се работи со почетокот на наредната учебна година.
- Договорени се активности на почетокот на учебната година секој професор да изготви соодветно годишно и тематско планирање.

Претседател на Активот за мајчин јазик во СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“,
Деница Козовска-Михаиловска

7. Екскурзии

За учениците од трета година беше реализирана екскурзија во месец април 2026 година. Целокупната постапка за реализиција на екскурзијата е спроведена согласно Правилникот. Програмата која беше избрана опфати запознавање со културното наследство на Словачка, Австрија и Унгарија.

Екскурзиите се одвиваа со следната агенда: 1 Ден. Скопје –Братислава 2 Ден. Пристигнување во Братислава и разглед на градот со локален туристички водич: средовековниот плоштад со Роландовата Фонтана, Михалската порта, Градското собрание, катедралата Св.Мартин, Словачкиот народен театар, барокната палата каде Моцарт ги изведувал своите дела, палатата Паули во која Франц Лист го одржал својот прв концерт. Сместување во хотел. Слободно време за одмор. Вечера. Ноќевање. 3 Ден. Братислава-Виена-Будимпешта Пристигнување во Виена и разглед на градот со локален водич: Опера та, Палатите на дворецот Хофбург, Парламентот, Градското собрание, Рингштрасе, дворецот Белведере, катедралата Св.Стефан и Стефанплац. По завршување на разгледот на градот упатување кон Будимпешта. Пристигнување во Будимпешта и сместување во хотел. 4 Ден. 3 разглед на Будимпешта со локален водич: Плоштадот на Хероите, Парламентот, улиците Андраши и Ракочи, катедралата Св.Стефан, мостовите на Дунав, Кралската палата, Цитаделата, Рибарската тврдина. Прошетка по улицата Ваци. Крстарење со брод по Дунав. 5 Ден. Будимпешта-Скопје со посета на зоолошката градина,Дворецот Вајдахунијад и шопинг центарот Арена.

За учениците кои не заминаа на екскурзијата, наставата се одвиваше редовно.

8. Соработка со родители

Родителите се вклучени во работата на Училиштето преку Советот на родители и на Училишниот одбор, како форми кои се утвдрени со Законот за средно образование. Може да се нагласи дека училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се ангажираат и да придонесат за унапредување на училишната клима.

Соработката со родителите се реализираше со нивна вклученост во сите сегменти на наставно-воспитниот процес преку индивидуални средби и родителски средби.

Во текот на учебната година беа организирани редовните родителски средби на кои родителите беа запознати со работата на училиштето и актуелни пректи и активности. Состаноците на Советот на родители се одржуваа во просториите на Училиштето, според точките од Дневниот ред и Програмата за работа.

9. Извори на финансирање

Средствата за финансирање на училиштето се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија. Средствата од Буџетот, Градот Скопје ги распределува по пат на блок дотации и наменски дотации на средните училишта за обезбедување на реализација на воспитно-образовниот процес, во согласност со утврдените стандарди и нормативи.

Училиштето стекнува средства и по основ на сопствени приходи од давање образовни услуги, на вонредни ученици, спроведување на проекти за образование на возрасни, издавање под закуп на делови од училишната зграда и други основи утврдени со закон.

Средствата стекнати по основ на сопствени приходи се наменети за унапредување, осовременување и развој на дејноста на училиштето.

10.Соработка со медиуми

Училиштето својата комуникација со јавноста ја реализира преку повеќе форми, за кои во секоја прилика медиумите го имаат својот прилог.

Во рамки на одбележување 75 години простоење на Училиштето, беше изготвена пригодна видео промоција, достапна преку социјалните мрежи и други медиуми, Училиштето има континуирано развива соработка со повеќе институции:

- Институции од областа на културата
- Институции од областа на образованието
- Невладини организации
- Спортски друштва
- Здравствени организации
- Меѓународна соработка

Август, 2026